Магистерски труд

„Државјанството како една од околностите врз основа на кои настанува странскиот елемент, компарација со државјанството на Република Бугарија“

Ментор:
доц.д-р Емилија Ицоска

Кандидат:
Бобан Кузманоски

Бр.на индекс:М227021

Свети Николе

Содржина

Апстракт.....5

Вовед.....7

Глава 1 - Формулација на проблемот на истражување.....9

1.1 Формулација на проблемот.....9

1.2 Предмет на истражување.....9

1.3 Цел на истражување.....10

1.4 Оправданост на истражувањето.....11

1.5 Хипотетска рамка.....11

Глава 2- Теоретски пристап на поимот "државјанство".....14

2.1 Правна природа и историски развиток на државјанството.....16

2.2 Државјанство во внатрешно и меѓународно право.....19

2.3 Државјанството на физички лица и промена на суверенитетот на територијата.....22

2.4 Извори на правото за државјанство на Република Северна Македонија.....23

Глава 3- Принципи на стекнување на државјанство.....24

3.1 Брачна врска како релевантен фактор за стекнување на државјанство.....25

3.2 Апатриди, бипатриди и полипатриди.....26

Глава 4- Начини на стекнување на државјанство во Република Северна Македонија.....27

4.1 Постапки за стекнување државјанство на РСМ.....31

4.2 Признаени бегалци и лица без државјанство.....39

4.3 Начини на стекнување на државјанство во Република Северна Македонија.....41

Глава 5- Други видови стекнување и видови државјанство.....42

5.1 Стекнување државјанство во сојузни држави.....42

5.2 Начини на стекнување на државјанство во други земји.....42

5.3 Видови државјанство.....43

5.4 Препознавање и заштита на лица без државјанство.....44

5.5 Двојно државјанство.....45

Глава 6- Државјанство на Република Бугарија.....47

6.1 Устав на Република Бугарија.....47

6.2 Основни права и обврски на граѓаните.....50

6.3 Народно собрание.....56

6.4 Претседател на Републиката.....61

6.5 Совет на министри.....65

6.6 Судство.....67

6.7 Локална самоуправа и локална администрација.....71

6.8 Уставен суд.....73

6.9 Начини на стекнување на државјанство на Република Бугарија.....75

Глава 7- Односот на Република Бугарија и Република Северна Македонија.....101

7.1 Македонија и Бугарија-однос низ историјата.....104

7.2 Односот на Република Бугарија кон македонскиот јазик.....107

7.3 Македонско малцинство во Бугарија.....111

7.4 Број на македонски граѓани со бугарски пасош.....114

7.5 Документација за издавање бугарски пасош.....117

7.6 Можност за работа во ЕУ со бугарски пасош.....120

Глава 8- Резултати од истражување.....122

8.1 Техники на истражување.....122

8.2 Инструменти на истражувањето.....122

8.3 Обработка на податоците.....122

8.4 Резултати од анкетите.....123

Глава 9- Проверка на хипотетската рамка.....136

Заключок.....138

Користена литература.....142

Апстракт

Државјанството во основа има обележје на правна категорија која се однесува на луѓе кои припаѓаат кон една државна заедница, а со себе повлекува права, но и обрврски. Тоа настанало во период кога веќе имаме оформување на првите држави и претставува привилегија за еден народ или заедница или поединци.

Голем број држави во светот, на државјаството гледаат како на нешто што ги разликува од луѓето на други држави. Токму од тие причини процедурите за добивање на државјанство од држава во држава се разликуваат од критериумите кои се пропишани со законодавството на соодветна држава.

Државјанството претставува едно од основните човекови права и од него произлегуваат голем број поволности. Така ако немаме државјанство во некоја од западните земји не можеме да работиме во тие земји. Процедурите се многу сложени за добивање на државјанство во најразвинеите земји од проста причини зашто многу луѓе едноставно сакаат да се отселат или пак да живеат и работат во некоја од западните земји, САД, Канада, Австралија , Нов Зеланд и слично.

Клучни зборови: државјанство, држави, народ, права, привелегии, постапки, начини, процедури.

Abstract

Citizenship basically has a legal category mark that refers to people belonging to a state union, and with it entails rights and obligations. It occurred at a time when we already have the formation of the first states, and it is a privilege for one nation or community or individuals.

A number of countries in the world see the statehood as something that distinguishes them from people of other countries. It is for these reasons that the procedures for obtaining citizenship from a country to state differ from the criteria prescribed by the legislation of the respective country.

Citizenship is one of the fundamental human rights and many benefits come from it. So if we do not have citizenship in any of the western countries, we cannot work in those countries. Procedures are very complex for obtaining citizenship in the most developed countries for simple reasons because many people simply want to leave or live and work in some of the western countries, the United States, Canada, Australia, New Zealand and the like.

Keywords**:** citizenship, states, people, rights, privileges, procedures, ways, procedures.

Вовед

Секоја држава ја регулира областа на приватното право на нејзините граѓани со давањето на право на државјаните кои се родиле и живеат во неа. Исто така, со правото на државјанство може да се стекнат и оние лица кои ги исполнуваат законските процедури на една земја, па и конкретно речено на нашата држава Република Северна Македонија.

Сите ние кои сме државјани на некоја држава обично ги земаме здраво за готово правата и обврските кои за нас произлегуваат од држајанството. Повеќето од нас се во можност да ги запишат децата во училиште, да побараме лекарска помош кога сме болни, да се пријавиме на натпревар за работа, кога мораме да гласаме на парламентарни избори.

Чувствуваме дека имаме своја улога во државата во која живееме, да припаѓаме на нешто значително поголемо од нас самите. Без државјанство лицето не може да гласа на избори во државата во која живее, не може да поднесе барање за издавање на патни документи, не може да склучи брак. Лицата без државјанство кои се наоѓаат надвор од државата на потекло или поранешно постојано престојувалиште, понекогаш можат да бидат и подолго време задржани во прифатилишта за незаконски мигранти од затворен тип. На поединците кои не можат да докажат правна поврзаност со државата често им се ускратени и најосновните човекови права, како што се право на образование, медицинска помош и вработување.

Регулирањето на државјанството е од исклучително значење како за државата, така и за поединците. Тоа е појдовна основа за креирање на социјална, економска и политичка состојба на нејзината територија, на која државјаните остваруваат најширок спектар на граѓански права загарантирани со највисок правен акт.

Според таа правна и политичка содржина, државјанството се разликувало во разни епохи на општествено- политичкиот развој. Поединецот во апсолутистичките системи бил само поданик, односно објект на државната власт, додека во граѓанските демократски друштва тој станува граѓанин и добива и формални права. На европскиот континент Големата француска револуција, заедно со рушењето на стариот режим,

изразот поданик го заменила со изразот граѓанин и со тоа го осветлила патот кон сфаќање на поимот државјанство.

Правната теорија настојува да ги дефинира принципите според кои државите се раководат при уредување на ова прашање. Во реалноста нема изедначување, бидејќи секоја држава суверено одлучува кој и под кои услови може да стане државјанин и како може тоа државјанство да му престане. Можат да се издвојат принципите за стекнување државјанство, како што се крвна врска, место на раѓање, престојување, брачна заедница и друго, при што речиси и да нема земја која не ги комбинира.

Во овој труд ќе се обидеме да ги разработиме тематските целини за државјанството како правна категорија која е регулирана со највисокиот законски документ на државата, а тоа е Уставот на Република Северна Македонија. Во него декларативно се наведени дел од правата кои произлегуваат за државјанството. Поконкретно тоа е регулирано со посебен законски акт, а тоа е Законот за државјанство кој во Република Северна Македонија беше донесен во текот на 1992 година. Тој е дел од основните закони во нашата држава кој се однесува на регулирањето на правото на државјанство.

Глава 1: ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

1.1 Формулација на проблемот

Правната теорија настојува да ги дефинира принципите според кои државите се раководат при уредување на ова прашање. Во реалноста нема изедначување, бидејќи секоја држава суверено одлучува кој и под кои услови може да стане државјанин и како може тоа државјанство да му престане. Можат да се издвојат принципите за стекнување државјанство, како што се: крвна врска, место на раѓање, престојување, брачна заедница и друго, при што речиси и да нема земја која не ги комбинира.

Во овој труд ќе се обидеме да ги разработиме тематските целини за државјанството како правна категорија која е регулирана со највисокиот законски документ на државата, а тоа е Уставот на Република Северна Македонија. Во него декларативно се наведени дел од правата кои произлегуваат за државјанството. Поконкретно тоа е регулирано со посебен законски акт, а тоа е Законот за државјанство кој во Република Северна Македонија беше донесен во текот на 1992 година. Тој е дел од основните закони во нашата држава кој се однесува на регулирањето на правото на државјанство.

1.2 Предмет на истражувањето

Нашата држава веќе подолго чека да биде примена во Европската унија, поточно од 26 февруари 2004 година. Подоцна Комисијата на 9 ноември 2005 година одлучи да и даде поволно мислење на нашата земја и на 15 и 16 декември 2005 година, на состанокот, Советот на Европа одлучи на нашата држава да и даде статус на земја-кандидат. После решавањето на билатералниот спор со Република Грција и потпишувањето на Преспанскиот договор, очекува да започне и преговори со Унијата, како последна фаза пред конечното пристапување кон ЕУ.Заради тоа што наскоро се очекува да станеме дел од ЕУ, заради огромното значење коешто го има денешната

Европска унија, во светски (глобални) рамки и за нас како држава и моментално како кандидати за членство во истата, особено е важно познавањето на процесот на европските интеграциии и правото на Европската унија.

Според мене, здружувањето со европските земји и имплементирање на правото според насоките од Европската Унија, ќе донесе модернизација во нашето општество, посебно во делот на правото. Сметам дека тоа е навистина потребно во нашиот правен систем, споредувајќи ги Законите за државјанство на земјите кои се веќе во Европската унија, како на пример Република Бугарија, која што во овој дел е навистина богата со добри примери коишто би биле од големо значење за нашиот закон кога би се имплементирале.

Темата којашто планирам да ја обработувам, мене лично како на правник ми се наметнува веќе подолго време. Оваа тема е недоволно истражена, и ја наметнува компаративната анализа на Законот за државјанство на Република Северна Македонија и Република Бугарија. Со нивна компарација, би се согледале предностите кои овие закони ги имаат, нивните недостатоци и нивните разлики, со предлог нашиот Закон да се промени во оние делови каде што е тоа најпотребно.

1.3 Цел на истражување

Целта на ова истражување е Законот за државјанство на Република Северна Македонија и Законот за државјанство на Република Бугарија.

Да се добијат сознанија за развој на Законот за државјанство на Република Северна Македонија.

Да се добијат сознанија за развој на Законот за државјанство на Република Бугарија.

Истражувањето треба да покаже во колкав обем ги почитува и ги спроведува Република Северна Македонија европските конвенции во делот на меѓународното право и директивите од страна на Европската унија.

1.4 Оправданост на истражувањето

I. Да се утврдат утврдат структуралните елементи на Законот за државјанство на Република Северна Македонија.

II. Да се утврдат структуралните елементи на Законот за државјанство на Република Бугарија.

III. Да се утврдат сличностите помеѓу Законот за државјанство на Република Северна Македонија и Законот за државјанство на Република Бугарија.

IV. Да се утврдат разликите помеѓу Законот за државјансто на Република Северна Македонија и Законот за државјанство на Република Бугарија.

V. Да се утврди во колкав обем Република Северна Македонија ги почитува и ги спроведува Европските конвенции во делот на меѓународното право.

VI. Да се утврди во колкав обем Република Северна Македонија ги почитува и ги спроведува директивите од областа на меѓународното право од страна на Европската унија.

1.5 Хипотетска рамка

Генерална хипотеза: Законот за државјанство на Република Северна Македонија во голема мера е сличен со Законот за државјанство на Република Бугарија.

I. **Хипотеза А** – Постојат големи сличности во делот на стекнувањето на државјанство во Законот за државјанство на Република Северна Македонија и со Законот за државјанство на Република Бугарија?

II. *Потхипотеза А1* - Дали со стекнување државјанство по потекло, има услов двата родители да се државјани на Република Северна Македонија или Република Бугарија?

III. *Потхипотеза А2* - Дали со стекнување на државјанство според потекло, родителите на детето мора да се од ист пол за да може детето добие државјанство во Република Северна Македонија и Република Бугарија?

IV. *Потхипотеза А3* – Дали со стекнување државјанство според потекло, детето ќе добие државјанство ако само едниот родител е државјанин, а другиот е со непознато државјанство?

V. *Потхипотеза А4* - Дали со стекнување на државјанство според територија, ќе добие државјанство детето кое е најдено на територијата на републиката?

VI. *Потхипотеза А5*- Дали со стекнување државјанство со природување, ќе стекне лице без државјанство со статус на бегалец во одредена држава?

VII. *Потхипотеза А6*- Дали со стекнување државјанство со природување, ќе стекне лице кое било најмалку 5 години во брак со лицето државјанин на државата?

VIII. **Хипотеза Б** - Постојат големи сличности во престанувањето на државјанството во Законот за државјанство на Република Северна Македонија и со Законот за државјанство на Република Бугарија?

IX. *Потхипотеза Б1* – Дали има одредена возраст за добивање отпуст од државјанство?

X. *Потхипотеза Б2*- Дали е потребно двата родителa да побараат нивното дете од 18 години да добие отпуст од државјанство?

XI. *Потхипотеза Б3* – Дали на малолетен посвоеник, ако посвоителите му се странски државјани, имаат право да бараат посвоеникот да има отпуст од дотогашното државјанство?

XII. *Потхипотеза Б4* – Кои се условите посвоениците да добијат отпуст од државјанството?

XIII. **Хипотеза В -** Постојат големи сличности во утврдувањето на државјанството во Законот за државјанство во Република Северна Македонија и Законот за државјанство во Република Бугарија?

XIV. *Потхипотеза В1* – Дали се потребни определени услови за утврдување на државјанство?

XV. *Потхипотеза В2* –Дали е за стекнување односно за престанување на државјанството се известуваат определени органи?

XVI. **Хипотеза Г -** Постојат големи сличности во делот за граѓаните на поранешна СФРЈ?

XVII. *Потхипотеза Г1* – Дали е потребно исполнување на определени услови за добивање на државјанство во државата во којашто се наоѓаат?

XVIII. *Потхипотеза Г2* – Дали државјанството на граѓаните на поранешна СФРЈ кои на 8 септември 1991 година имаат пријавено живеалиште, се уште им важи и под кои услови?

XIX. **Хипотеза Д -** Постојат големи сличности во делот дали државјаните можат да имаат повеќе државјанства во Законот за државјанство на Република Северна Македонија и Законот за државјанство во Република Бугарија?

XX. *Потхипотеза Д1* – Дали државјанин на една држава може да има две или повеќе државјанства?

XXI. *Потхипотеза Д2* – Дали е дотогашен државјанин мора да се откаже од своето државјанство за да се здобие со државјанство на друга држава?

Глава 2: Поим и дефинирање на државјанството

Поимот државјанство, етимолошки има корени од латинскиот јазик, а генерално означува врска помеѓу државата и поединецот. Државите меѓусебно се разликуваат во однос на појмовното одредување на државјанството, а дефиницијата се темели на разликата помеѓу персоналното и територијалното важење на правниот поредок.

Во државите кои го примиле римското право, државјанството претставува правен статус на поединецот. Статусот повлекува одредени права и должности кои се независни од волјата на поединецот. Уште од средниот век, во земјите со контитентален правен систем, се провлекува мислата дека слободен човек со себе го носи и своето право. Од друга страна, во англосаксонски држави, државјанството претставува територијална врска помеѓу физичко лице и државата.

Најголем број на човекови права кои се гарантирани со устав, ги уживаат сите граѓани како дел од одредена општествена и државна заедница. Во групата на човековите права постојат некои права и слободи кои ги уживаат само државјаните на конкретната државна заедница, па поради тоа е важно да се види на кои начини во уставите се уредува државјнаството и какво влијание има статусот на државјанин на човековите права.

Поимот државјанин има две значења. Во првото значење поимот државјанин одредува припадност на поединци на конкретна државна заедница, а по второто значење ни одредува лице, кое е начелно сведено на политички права. Уставно правно гледано, двете функции имаат големо значење.

Правото на државјанство се гарантира со декларација на Организацијата на Обединетите нации (член 15) каде се прокламира правото на секој човек на едно државјанство и каде се забранува секое самоволно одземање на државјанството како и ускратување на правото на државјанство, а во него се содржани одредбите и правото на секое дете за стекнување на државјанството. Сите меѓународни документи имаат за цел гарантирање на правата на едно државјанство со цел да се избегне можност некои лица

да бидат бипатриди (лица кои имаат двојно државјанство) или апатриди (лица без државјанство)[1].

Според дефиницијата ,државјанството е збир на определени овластувања и задолженија кои се воспоставуваат помеѓу државата и оние поединци што се припадници на определена државна заедница.

Државјанството кај нас е регулирано како со Меѓународното приватно право така и со национален закон. Законот за државјанство е донесен 1992 година. Според македонскиот речник, државјанство значи припадност кон определена држава. [2]

Значи, државјанството е правна врска помеѓу одреден субјект и државата. Во рамките на националното уредување и меѓународни стандарди не постои единствен систем во меѓународното право по прашањето за условите за начинот и губењето на државјанството. Кога странец е субјект во некој правен однос, тоа иницира низа прашања, од тоа кој орган е меѓународно надлежен, а што во формална смисла кореспондира со достапност на некое приватно право кое го одредува странецот, во правец на меродавно право за одреден приватно-правен однос со елементот на странско[3].

Државјанството е важна врска (однос) врз чија основа се одредува припадност на едно лице на една држава[4]. Припадноста на лицето на одредена држава преку јавно правна положба во рамките на државјанството, претставува врска која лицето ја остварува кон државата во однос на политички, приватни, културни, економски и други права. „Државјанството е припадност на поединец, домашен државјанин, одреден со државно правен поредок, кој од една страна, се гледа во обврските кои ги има кон неа, а од друга страна, во тоа што е формално правно му се достапни сите права кои тој правен поредок ги познава, при што некои се стекнуваат автоматски, а други по општи услови еднакви за сите.“[5]

Суштински однос се остварува преку постоење на однос во кој одредено лице се идентификува според државата. Обемот на правата и обврските кои му ги дава државата, се гарантирани со највисоки уставно правни и меѓународни документи.

[1] Бреоња, Б., Право на државјанство, Загреб 2015
[2] http://www.mfa.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=127&Itemid=543&lang=mk
[3] Bulic, F., Sticanje I gubitak drzavjanstva u Srbiji u pogledu stranaca, Beograd, 2007
[4] Varadi, T., Medjunarodno privatno pravo, Beograd 2012
[5] Vodinelic, Uvog u gradjansko pravo, Beograd 2007

Секоја држава по прашањето на доделување државјанство суверено се однесува кон тој проблем и самостојно го уредува, не постои единствена индикација за решавање на ова прашање.

Основна содржина на проблемот е кога во рамките на стекнување на државјанство се појавува странски елемент кој како меродавно право ќе се примени во конкретниот случај. Лицата кои немаат статус на домашни државјани, без разлика дали се странски државјани или апатриди се нарекуваат странци. Положбата на странците во минатото била изразено неповолна. Во робовладетелскиот период не им бил доволен брак со домашен државјанин, немале право ниту можеле да стекнуваат имотни права, им бил забранет пристап до домашни судови. Слична ситуацијата била и во времето на феудализмот иако во тој период дошло до благо подобрување на нивниот статус, што радикално е променето со француската револуција.

2.1 Правна природа и историски развиток на државјанството

Како посебен правен однос помеѓу поединецот и државата, државјанството започнува да се уредува кон крајот на 18 и почетокот на 19 век и тоа со нормите на граѓанско право. Посебни одредби за државјанството се содржани во францускиот граѓански законик од 1804 година, во австрискиот законик од 1811 година. Нормирањето на државјанството со посебен закон следувало како резултат на сфаќање на државјанството како јавно-правен однос и напуштање на сфаќањата за државјанство како приватно- правен однос, иако и денес има земји во кои материјата на државјанство се содржи во граѓанскиот законик.

Во поединечни земји нормите кои се однесуваат на државјанството се наоѓаа во законите кои ја регулираат граѓанската материја, на пример во Белгија. Поради својата важност оваа материја се сведува и во уставно- правни прашања и во многу земји, одредбите за државјанството се содржани и во уставите, како што е случај со Уставот на либиската арапска република од 1951 година, Уставот на Нигерија од 1963 година, Уставот на Република Уругвај од 1967 година[6].

[6] Упоредни и историјски поглед на принципе стицања и престанка државјанства, МУП Србија, 2016

Посебноста и важноста на правната врска која врз основа на државјанството се создава помеѓу поединец и држава, наметнува потреба за нејзино темелно и прецизно правно тегулирање. Затоа во рамките на секоја држава се создаваат посебни правни правила по чиј пат, државата, секоја за себе, самостојно регулира според сопствено сфаќање и наоѓање, општи и посебни прашања за државјанството, а посебно оние од кои зависи кои лица и под кои услови ќе ги смета за свои државјани, односно под кои услови поединечни лица престануваат да бидат нејзини државјани.

Поимот државјанство, треба да се разликува од поимот националност. Националност означува припадност на поединецот кон одреден народ. Секој народ има свои сонародници кои не мора да имаат сите исто државјанство. Националноста е етнички поим и со него се креира однос кој е траен по својот карактер.

Трите основни карактеристики на државата се: населението, територијата и границите. Овде не интересира само населението и тоа неговата поврзаност со државата. За да ја дознаеме поврзаноста помеѓу државата и лицата коишто живеат во неа, потребно е да знаеме многу фактори и институти коишто влијаат на таа поврзаност.

Еден таков институт е **државјанството** којшто претставува многу значаен феномен како за државите, така и за меѓународната заедница воопшто. Државјанството кај нас е регулирано како со меѓународното приватно право така и со национален закон ,Законот за државјанство донесен од страна на Собранието на Република Македонија во 1992 год.

За да дојдеме до поимот за државјанство потребно е прво да ја знаеме неговата правна природа. Има група на автори коишто сметаат дека државјанството е договор помеѓу поединецот и државата, и тоа адхензионен договор, каде што условите ги диктира државата, а поединецот самоволното ги прифаќа, меѓутоа ова сфаќање не е издржано и е побиено од страна на Маркс. Има уште едно сфаќање коешто тврди дека државјанството е политичка и духовна врска помеѓу поединецот и државата, меѓутоа и ова сфаќање не е издржано затоа што се смета дека поимите политичка и духовна се неодредени.

Па така на крај, група на автори сметаат дека државјанството е правна и политичка врска помеѓу поединецот и државата, од чија врска произлегуваат права и обврски за самиот поединец. Тоа е правна врска затоа што е уредено со едностран акт-

Устав и закон. Во законот се наведени условите (како што подолу ќе видиме) за добивање и губење на државјанството, последиците од престанокот на државјанството и друго.

Според определувањето на определени категории на права , правото на државјанство има правна категорија и е регулирано со посебни законски и подзаконски акти.

Тоа во Република Македонија е направено со Законот за државјанство кој во општите одредби има два члена, во кои накратко се определува начинот на утврдување на правото на државјанство па така :

- Во член 1 се вели: Со овој закон се уредуваат начинот и условите за стекнување и престанување на државјанството на Република Северна Македонија, утврдување на државјанството, надлежниот државен орган за решавање на овие случаи, докажување на државјанството и водење на евиденција на државјаните на Република Северна Македонија. Државјанството е правна врска меѓу лицата и државата и не го означува етничкото потекло на лицата.
- Во член 2 е наведено дека: Државјанин на Република Северна Македонија може да има и државјанство на друга држава. Државјанин на Република Северна Македонија кој има државјанство на друга држава, во Република Северна Македонија се смета исклучиво за државјанин на Република Северна Македонија, ако со меѓународен договор не е поинаку определено.

  Од овие два члена и од следните може да се каже дека државјанството има правна природа и е регулирано според меѓународните и европките законски стандарди.[7]

Државјанството е политички детерминирано, поради тоа што државата одлучува кој може, а кој не може да биде државјанин. Често таа одлука нема демократска база и исклучува луѓе според раса, ентитет, религија и друго. Државјанството исто може да се согледа како обид за промена на постоечките релации на моќ. Поради тоа, тоа може да се интерпретира како категорија која овозможува демократија или демократија на нов тип. Демократско државјанство третира луѓе како индивидуи со еднакви права на земјата. Демократија е политички принцип кој

[7] Закон за државјанство

вклучува плурализам, различност и хетерогеност. Ако државата е изградена врз основа на тие принципи, тоа значи дека таа препознава различности[8].

2.2 Државјанство во внатрешно и меѓународно право

Нормативното регулирање на државјанството денес претставува утврдување на граници на суверенитет во услови на зголемена меѓузависност. Ограничувањето на негативната содржина на суверенитетот, односно самостојност„ vis a vis“ друга држава и позитивни кои сочинуваат ексклузивни компетенции на државната власт на територијата, произлегувајќи од постоење на таканаречени конкурентски надлежности.

Фундаменталното ограничување кое меѓународниот правен поредок го воспоставува се однесува на принципот по кој сите држави се автономни по прашањето на правно уредување на сопственото државјанство. Државите не се врзани со внатрашна надлежност на другите држави, слободно да пропишуваат колизиони норми за државјанство на лица на својата територија, но се во границите на правилата, врзани за општп прифатените начини на стекнување и престанување на државјанството.

Државјанството традиционални се стекнува преку оригиналните и дериватни начини на стекнување на државјанство, во зависност од факторите од кои внатрешното законодавство тргнува во регулирање на материјата државјанство. Во меѓународните правни рамки, прифатен е принципот регулирањето на државјанството да спаѓа во област на домашна надлежност. Овој принцип начелно е во согласност со принципите содржани во Декларацијата за начела на меѓународното право за пријателски односи и соработка на државите во согласност со Повелбата на ОН од 1970 година, според која државите се должни да не интервенираат во работи кои спаѓаат во внатрешна надлежност на друга држава.

Но, неинтеревенцијата и немешањето на другите држави во внатрешните работи на други држави, не значи дека границите на националниот закон за државјанство не се утврдени со меѓународното право. На ограничување на правилата за domain reserve укажала и меѓународната јурисприденција помеѓу две светски војни. Најавторитативен

[8] Zlatkovic, J., Drzavljanstvo, nacionalni identitet I migracije, Revija za sociologiju, 2001

став по прашањето за меѓународно правно регулирање на државјанството на физички лица го истакнал Постојаниот суд за меѓународна правда. Тој со советодавно мислење по повод државјанството во Тунис и Мароко, потврдил дека прашањето за исклучива надлежност на државата е релативно прашање во зависност од развојот на меѓународните односи и во однос на прашањата кои не се регулирани со меѓународното право, државите користејќи ги своите дискрециони овластувања можат да бидат ограничени со обврските преземени во однос на другите држави, со што и нивната јурисдикција е ограничена со правилата на меѓународно право[9].

Слични пристапи се инкорпорирани и во некои меѓународни правни инструменти. Пример, во член 2 на нацрт Конвенцијата за државјанство на харвардското правно училиште, потврдено е дека државата во поглед на утврдување на државјанството не е неограничена. Во член 1 од Хашката конвенција за одредени прашања, за законот од државјанство од 1930 година, пропишано е дека секоја држава има право да го уредува својот закон, кој е нејзин државјанин, но дека за другите држави состојбата е прифатлива во мера во која внатрешното право е во согласност со меѓународните конвенции, меѓународни обичаи и општо прифатени принципи за државјанството[10].

Споменатиот пристап бил посебно изразен после завршување на Втората светска војна, кога се издигнале човековите права. Оттогаш , начинот на кој државите го регулираат државјанството, не е веќе прашање за нивна надлежност, туку е прашање на остварување и заштита на човековите права на поединците како рефлексни субјекти на меѓународното право.

Преку воспоставување на правен режим на државјанството, уставите на различни држави денес даваат предност на државјанството како право на човекот. Правото на државјанство станало iustus titulus за остварување на други човекови права. Државјанството е едно од поимите со кои се занимава целиот свет и кај кого е нагласена зголемена грижа на меѓународната заедница. Мерилата кои државите би ги усвоиле и покрај општо прифатените правни стандарди за државјанството, би можеле да доведат до изигрување на прописите на другите држави.

[9] Research in International Law, Harvard Law School, American Journal of international Law
[10] Convention of certain questions to the conflict of nationality law, Hague

Националните правила за државјанството мора да бидат во симетрија со општите правила и принципи на меѓународното право. Можеби најдобар пример во тој поглед претставуваат принципите за стекнување на државјанство. Најприменлив во пракса е персоналниот пристап филијација, според кој државјанството се стекнува според државјанството на родителите и територијален принцип, според кој државјанството се стекнува со раѓање на подрачјето на државата[11].

Иако овие принципи не се пропишани со меѓународното обичајно право, сепак нивните граници на примена меѓународно правно се утврдени со меѓународни конвенции. Така, во член 12 од Хашката конвенција за одредени прашања во законот за државјанство од 1930 година, пропишано е дека правилото за стекнување на државјанство врз основа на раѓање на подрачје на државата, не се однесува автоматски на децата, лица кои уважуваат дипломатски имунитет.

Со точка 2 од Факултативниот протокол кој се однесува на стекнување државјанство со Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година, пропишано е дека членовите на семејството, лица од дипломатска мисија кои немаат државјанство на државата која ги акредитира, не стекнуваат државјанство на таа држава со самото дејство на нејзиното законодавство[12].

За стекнување на државјанство во државата на престојување, меѓународното право бара постоење на намери за постојано живеење на територијата. Во одредени случаеви со резиденцијално присуство се бара и вршење на одредени деловни активности по чија основа лицата стекнуваат државјанство во државата во која престојуваат.

Ако една држава утврди дека одредено лице исполнува услови за стекнување на нејзино државјанство, тогаш сите други држави мора да го уважуваат тој факт. Во спротивно, доаѓа до несакани меѓународно правни импликации кои можат да повлечат мерки на реторзија. Ставот на меѓународната јуриспруденција по ова прашање е целосно одреден. Само во исклучителни ситуации, меѓународното право дозволува отстапување од наведените правила.

[11] Andrassy, J., Medjunarodno pravo, Skolska knjiga, Zagreb, 1990
[12] Vienna convention on diplomatic relations, United Nations Treaty Series

Разновидноста на основните мерила за стекнување на државјанство во пракса може да предизвика позитивен и негативен судир во законот за државјанство. Тоа е посебно видливо кај решенија со кои по сила на закон се менува правно- граѓанскиот статус на поединците. Нормативната колизија на меѓународен план последично може да доведе до појава на двојно државјанство, повеќе државјанства, а во одредени случаеви и до без државјанство. Со цел избегнување на споменатите појави, државите одат кон регулирање на материјата државјанство.

2.3 Државјанство на физички лица и промена на суверенитетот на територијата

Сукцесија настанува со промена на територијалниот суверенитет на државата. Стекнување, губење и промена на државјанството на физички лица, блиску е поврзано за сукцесивните промени, кои претставуваат замена на државата во поглед на одговорностите за меѓународно правни односи на територијата на која се однесува сукцесијата.

По повод меѓународно правно регулирање на правни последици од сукцесија, на државата во однос на државјанството, праксата покажала повеќе концептуални пристапи. Еден пристап тргнува од ставот дека со сукцесија на државата доаѓа до автоматска промена на државјанството на населението на територијата. Пристапот во главно е врзан за одамна напуштена територија во државата како објект по кој државата престанува по пат на освојување, анексија и субјугација.

За лица кои ќе прифатат да останат на територијата која преминала на државата сукцесор, се сметало дела претставуваат припратници на територијата. Автоматската сукцесија на државјанство значела во пракса покорување преку премолчено служење на новиот суверен. Другиот пристап тргнува од тоа дека државата сукцесор со своите законски акти ги уредува сите прашања на државјанството. Државјанството на државата сукцесор не се стекнува преку сукцесија на државата, туку преку државен акт со кој жителите на погодената територија се преведуваат во сопствени државјани[13].

[13] Feichenfeld, E., Encyclopedia at the social sciences

Ни еден од споменатите пристапи не е повеќе применлив во пракса. Факт е дека меѓународните правила за сукцесија на државата во однос на државјанството останале нецелосни, а дека сеопфатната кодификација започнала неодамна, под закрила на Обединетите нации и некои европски организации.

2.4 Извори на правото за државјанството во Република Северна Македонија

ДРЖАВЈАНСТВО е правна врска меѓу Вас и државата и не го означува Вашето етничко потекло.

Согласно Уставот, државјанството на Република Северна Македонија (РСМ) е уредено со закон и не може да се одземе. Законот со кој се уредува државјанството е Законот за државјанството од 1992 година изменет и дополнет со Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството од 2004 година.

Глава 3: Принципи на стекнување државјанство

Постојат три основни принципи за стекнување на државјанство, кои во главно се комбинираат:

- потекло, крвна врска;
- место на раѓање;
- престој.

На децата им следува државјанство според принципот на потекло, без оглед на тоа каде се родени.

Според принципот место на раѓање, за одредување на држајанството не влијае државјанството на родителите, туку местото каде се родило детето, односно детето стекнува државјанство на онаа држава на чија територија ќе се роди. Ова било значајно применливо во Европа до 19 век, бидејќи им одговарало на феудалните средновековни држави, каде поединецот бил врзан за државата, односно територијата на која е роден и средината која постои на таа територија.

За разлика од претходните два принципи, кои служат за одредување на државјанство на детето во моментот на раѓање, престојувалиштето, во главно се користи за стекнување на државјанство на полнолетни лица кои по своја волја сакаат да стекнат државјанство. Овој принцип речиси никаде не служи како основен и во-главно се комбинира со другите два. Како исклучок се споменува државата Ватикан во која, поради нејзината посебна положба и карактер, Законот за државјанство и престојување, доделува државјанство на Ватикан, на сите лица кои во градот Ватикан имаат живеалиште врз основа на својата „чест“, односно „должност“[14].

Кој од овие принципи ќе биде прифатен како основен, зависи од сфаќањата на законодавците, кои во главно се раководат според националните интереси. Исто така, не е можно да се применува исклучиво само еден принцип, туку тие се комбинираат, при што најчест случај на комбинација е потеклото и местото на раѓање.

Во земјите на имиграција, кои биле принудени да „создаваат“ свое државјанство, како што е САД, Австралија и други, прифатен е и принципот место на раѓање како

[14] Борковиќ, И., Управно право, Народне новине, Загреб, 2002

основен за стекнување на државјанството. Спроти тоа, во земјите на емиграција, постоел и интерес за чување на своите државјани, па како основен е прифатен принципот потекло.

Во Велика Британија, според British nationality act од 1981 година, дете родено во Британија станува британски државјанин ако во моментот на раѓање родителите му се британски државјани или имаат статус на постојани граѓани[15].

3.1 Брачна врска како релевантен фактор за стекнување на државјанство

Брачната врска влијае на државјанскиот статус на лицата во брак. Овој факт е релевантетн за олеснителен начин на стекнување на државјанство, со исполнување на други услови, а во некои може да биде од значење за престанување на државјанството. Претходните теории тргнувале од единство на државјанството на брачните другари. Според класичната варијанта, кога брачните другари се со различно државјанство, одлучувачко е државјанството на мажот.

Жената со стапувањето во брак стекнува државјанство на мажот, како и децата кои се родени во бракот. И денес во одредени држави постојат вакви правила, на пример во Индонезија и Шпанија, каде домашна државјанка го губи своето државјанство со мажење за странец, додека странска државјанка мажена за домашен државјанин, стекнува државјанство на мажот.

Со продорот на прогресивни идеи за потребата од постоење на рамноправност помеѓу мажите и жените, се развивала идејата за независност на државјанството на жената од државјанството на мажот. Со Конвенцијата на Обединетите нации од 1957 година, утврдено е дека „ни бракот и разводот помеѓу домашни државјани и странец, ниту промена на државјанство на мажот за време на бракот не може да влијае на државјанството на жената“.

[15] Борковиќ, И., Управно право, Народне новине, Загреб, 2002

3.2 Апатриди, бипатриди и полипатриди

Постоењето на разлилни принципи за стекнување на државјанство доведува до позитивен или негативен судир на државјанството, односно до тоа некои лица да бидат без државјанство (апатриди), а некои со две (бипатриди) или со повеќе државјанства (полипатриди). Дете родено на територијата на државата во која основен принцип е стекнување на државјанството, место на раѓање, од родителите кои имаат државјанство на државата со принцип на крвна врска, во моментот на раѓање стекнува две државјанства. Ако е родено во држава со начело крвна врска, од родители со државјанство на државата со принцип на место на раѓање, таквото дете во моментот на раѓање останува без државјанство.

Апатридите ги дефинираат меѓународните извори, како што е Конвенција за правна положба на лица без државјанство, која во член 1, пропишува дека лицата без државјанство „се лица кои ниедна држава не ги смета за свои државјани во согласност со својот закон“. Во смисла на Конвенцијата, разгледувањето дали некој е лице-апатрид, е ограничено на државите со кои лицето ужива релевантна врска, на пример по раѓање, потекло, склучен брак, вообичаен престој.

Регионалните извори исто така се занимаваат со правото на државјанство, како на пример Американска конвенција за човечки права од 1969 година, и Конвенција на Советот за Европа за избегнување на апатридија поврзана со државна сукцесија од 2006 година. Организацијата на африканско единство во 1999 година ја усвоила Повелбата за права на доброто на детето, во која се потврдува дека секое дете има право да стекне државјанство[16].

[16] Борковиќ, И., Управно право, Народне новине, Загреб, 2002

Глава 4: Начини на стекнување на државјанство во Република Северна Македонија

Државјанството на Република Македонија се стекнува со[17]:

1) потекло;

2) раѓање на територијата на Република Северна Македонија;

3) природување;

4) меѓународни договори;

- стекнување на државјанство со потекло.

Со потекло стекнува државјанство на Република Северна Македонија дете на кое:

- во моментот на раѓањето двата родители се државјани на Република Северна Македонија;

- во моментот на раѓањето едниот родител е државјанин на Република Северна Македонија, а детето е родено во Република Северна Македонија, доколку родителите спогодбено не определат детето да го добие државјанството на другиот родител и

- во моментот на раѓањето едниот родител е државјанин на Република Северна Македонија, а другиот родител е непознат или со непознато државјанство, односно без државјанство, а детето е родено во странство.

Државјанство на Република Северна Македонија со потекло стекнува и посвоеник при потполно посвојување на кој двата или едниот посвоител е државјанин на Република Северна Македонија.

[17] Закон за државјанство на РМ, Скопје, јануари 2017

Во случаите кога детето е родено во странство на кое едниот родител во моментот на раѓањето е државјанин на Република Северна Македонија, а другиот странски државјанин, со потекло стекнува државјанство на Република Северна Македонија ако до наполнети 18 години живот биде пријавено за запишување како државјанин на Република Северна Македонија или ако до наполнети 18 години живот постојано се насели во Република Северна Македонија со родителот кој е државјанин на Република Северна Македонија.

Во случај на судски спор за доделување на дете, државјанството се стекнува по правосилноста на судската одлука. Во определени услови државјанство на Република Северна Македонија може да стекне и лице кое не е пријавено од двајцата родители, со наполнети 18 години живот, ако поднесе пријава за упис во државјанство на Република Северна Македонија до навршени 23 години живот.

- Стекнување на државјанство со раѓање на територијата на Република Северна Македонија

Државјанство на Република Северна Македонија стекнува дете кое е најдено или родено на територијата на Република Северна Македонија на кое родителите му се непознати, или се со непознато државјанство или се без државјанство.

На детето ќе му престане државјанството на Република Северна Македонија ако до наполнети 15 години живот се утврди дека родителите му се странски државјани и доколку детето нема да остане без државјанство.

- Стекнување на државјанство со природување

Државјанство на Република Северна Македонија со природување може да стекне странец кој лично поднел барање за прием во државјанство на Република Северна Македонија, ако ги исполнува следниве услови[18]:

- да има наполнето 18 години живот;

[18] Закон за државјанство на РМ, Скопје, јануари 2017

- до поднесувањето на барањето законски и постојано да живее на територијата на Република Северна Македонија најмалку осум години;

- да има обезбедено стан и постојан извор на средства за егзистенција во висина која овозможува материјална и социјална сигурност под услови утврдени со закон;

- во Република Северна Македонија и во државата чиј државјанин е да не бил казнуван со казна затвор во траење од најмалку една година, за дела за кои се гони по службена должност и кои се казниви според прописите во Република Северна Македонија,

- против него да не се води кривична постапка во Република Северна Македонија и во државата чиј државјанин е;

- да го владее македонскиот јазик до тој степен да може лесно да се разбере со околината;

- да не е изречена мерка забрана за престој во Република Северна Македонија;

- неговиот прием во државјанство на Република Северна Македонија да не ја загрозува безбедноста и одбраната на Република Северна Македонија;

- да потпише заклетва дека ќе биде лојален граѓанин на Република Северна Македонија и

- да има отпуст од досегашното државјанство или да докаже дека ќе го добие ако биде примен во државјанство на Република Северна Македонија.

- Лице без државјанство или бегалец

Државјанство на Република Северна Македонија со природување може да стекне лице без државјанство или со признат статус на бегалец, ако од утврдувањето на без државјанството, односно признавањето на статус на бегалец до поднесувањето на барањето за прием во државјанство, законски и постојано живее на територијата на Република Северна Македонија најмалку шест години, да не бил казнуван во

Република Северна Македонија со казна затвор во траење од најмалку една година, за дела за кои се гони по службена должност и кои се казниви според прописите во Република Северна Македонија, против него да не се води кривична постапка во Република Северна Македонија и ако ги исполнува условите од точките погоре.

- Иселеник

Иселеник од Република Северна Македонија, како и негов потомок до прво колено, може со природување да стекне државјанство на Република Северна Македонија иако не ги исполнува условите од дел од точките погоре . Под поимот „иселеник", се смета граѓанин на Република Северна Македонија кој се иселил од Република Северна Македонија во друга држава, освен во матичната земја, без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

- Странец кој е во брак со македонски државјанин

Странец кој е во брак со државјанин на Република Северна Македонија најмалку три години и до поднесувањето на барањето законски престојува најмалку една година непрекнато на територијата на Република Северна Македонија може со природување да стекне државјанство на Република Северна Македонија иако не ги исполнува условите од точките погоре. Странец кој е во брак со државјанин на Република Северна Македонија најмалку осум години, кој законски и постојано живее во странство и со Република Северна Македонија има цврста и ефективна поврзаност, може со природување да стекне државјанство на Република Северна Македонија иако не ги исполнува условите од точките погоре[19].

[19] Закон за државјанство на РМ, Скопје, јануари 2017

- Стекнување државјанство поради научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес[20]

Странец кој ги исполнува условите од член 7 став 1 точки 1 и 8 на овој закон може со природување да стекне државјанство на Република Северна Македонија ако тоа преставува особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес. Владата на Република Северна Македонија со уредба ги утврдува критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство.

Владата на Република Северна Македонија го дава мислењето за постоење на особениот интерес.

4.1 Постапки за стекнување државјанство на РСМ

Државјанство е правна врска меѓу Вас и државата и не го означува вашето етничко потекло. Согласно Уставот, државјанството на Република Северна Македонија (РСМ) е уредено со закон и не може да се одземе.

Остварување на право на државјанин на Република Северна Македонија. Ова право може да се оствари на неколку начини:

- со потекло, односно, ако сте родени од родител/родители кој/кои е/се државјанин/државјани на Република Северна Македонија;

- во исклучителни околности, со раѓање во Република Северна Македонија

- со природување;

- со потекло или со раѓање.

[20] Закон за државјанство на РМ, Скопје, јануари 2017

- Што е државјанство со потекло?

По раѓањето, едно дете стекнува државјанство на РСМ, доколку барем еден од неговите родители е државјанин на РСМ. Односно, детето стекнува државјанство на РСМ со потекло кога ќе бидат исполнети следниве услови:

- ако и двајцата родители се државјани на РСМ, нивното дете стекнува државјанство на РСМ независно од тоа каде е родено;

-ако еден од родителите е државјанин на РСМ и ако нивното дете е родено во РСМ, тогаш брачниот другар мора да се согласи со тоа детето да стекне државјанство на РСМ.

Доколку детето се роди во странство, а само еден од родителите е државјанин на РСМ, тогаш нивното дете ќе стекне државјанство на РСМ, доколку:

-поднесат барање за запишување на нивното дете во книгата на државјани, пред тоа да наполни 18 години, или

-нивното дете се враќа да живее во РСМ со нив, пред да наполни 18 години, или

-нивното дете со наполнети 18 до навршени 23 години возраст поднесе барање за запишување во книгата на државјани.

Доколку другиот родител е непознат или со непознато државјанство,тогаш детето ќе стекне државјанство на РСМ со потекло, независно од тоа каде е родено.

- Кои документи треба да се поднесат до подрачната единица на Министерството за внатрешни работи?

Настаните во граѓанскиот статус (раѓање, брак, смрт) кои се случуваат во странство можат да се регистрираат врз основа на извадоците регулирани во Конвенцијата. За таа цел потребно е недвосмислено да се дефинираат бугарските државјани внесени во презентираните извадоци. Во случај тоа да не е можно, нема пречка да се бараат целосни копии од документите за граѓански статус изготвени во странство.

Повеќејазичните извадоци од документите за граѓански статус издадени од една земја-членка според Конвенцијата се признати и имаат директно дејство на територијата на другите земји-членки (без потреба од легализација или друга слична формалност).

Општинскиот орган за граѓански статус во Република Бугарија, кој ќе изврши евидентирање на граѓанскиот настан и негово упис во Регистарот на население, може да побара превод на повеќејазичниот извадок, чиј превод треба да биде заверен од Дирекцијата „Конзуларни односи“ на МНР на адреса: Софија, ул.„ Алфред Нобел“ бр. 2.

Страни на Конвенцијата, покрај Република Бугарија, се: Германија, Австрија, Белгија, Шпанија, Франција, Грција (која ја потпишала, но не ја известила Конвенцијата), Италија, Луксембург, Холандија, Португалија, Швајцарија, Турција, Словенија, Хрватска, Македонија, Босна и Херцеговина, Србија, Полска, Црна Гора, Молдавија, Литванија, Естонија и Романија.

При составувањето на странскиот акт за склучување брак, секое од лицата кои стапуваат во брак треба да се изјаснат пред надлежниот орган на странската држава дали го задржуваат своето презиме или го усвојуваат презимето на својот маж/сопруга или го додаваат презимето на својот сопруг/сопруга. да поседува, која промена се одразува во составениот акт за склучување на брак. Доколку странското законодавство не предвидува таква можност, лицето мора да добие релевантен документ од странскиот надлежен орган, од кој јасно се гледа дека бугарскиот државјанин на странскиот функционер му изјавил желба за промена на името. Вака изготвениот документ, заедно со странската брачна исправа, се доставува до бугарското општинско тело за матична евиденција, со цел промена на презимето при запишувањето на бракот во Република Бугарија.

Во отсуство на горенаведените основи, промена на презимето не може да се изврши во Република Бугарија, освен со судски налог.

Смрт во кој е вмешан бугарски државјанин кој настанала во странство се регистрира во општината на постојана адреса на починатото лице во Република Бугарија.

За таа цел, заверена копија или извадок од потврдата за смртта издадена од локален орган за граѓански статус ќе се достави или испрати во рок од шест месеци до дипломатското или конзуларното претставништво на Република Бугарија во странство, заедно со барање во кое се наведува постојаната адреса на починатиот државјанин во Бугарија.

За постојана адреса во Република Бугарија се смета дека е последната постојана адреса (адресата наведена во личната карта) на починатиот бугарски државјанин.

Роднините на починатиот бугарски државјанин во странство, исто така, можат да го достават легализираниот документ директно во општината (на последната постојана адреса), со заверен превод на бугарски јазик, направен од бугарски дипломатски или конзуларен претставник или од регистрирана компанија за преведување/преведувач. /заведено во Регистарот на Министерството за надворешни работи на Бугарија. Заверувањето на потписот на бугарскиот преведувач го врши Управата за „Конзуларни односи“ на МНР на адреса: Град Софија, улица„ Алфред Нобел“ бр.2.

Доколку документот за смрт потекнува од земја со која Република Бугарија има договор за правна помош, кој изречно предвидува ослободување од легализација на документите за граѓански статус, тогаш странската смртна исправа не треба да се легализира.

Доколку документот за смрт потекнува од земја која е членка на Хашката конвенција за укинување на условот за легализација на странски јавни акти, во која членка е и Република Бугарија, тогаш во овие случаи странската потврда за смрт треба да биде обезбедени со потврда „апостил“.

Доколку документот за смрт потекнува од земја со која Република Бугарија има договор за правна помош, кој изречно предвидува ослободување од легализација на документите за граѓански статус, а во исто време двете земји, Република Бугарија и странската држава, се страни на конвенцијата од Хашката конвенција, тогаш се применува поповолниот третман.

Ако документот за смрт потекнува од земја со која Република Бугарија нема договор за правна помош што предвидува ослободување од легализација на документите за граѓански статус или странската земја не е членка на Хашката конвенција, тогаш изводот за смрт треба да го носи сертификацијата на Министерството за надворешни работи работи за странската држава. Наведената потврда треба да биде потврдена од бугарското дипломатско/конзуларно претставништво во оваа земја, или во отсуство на бугарско претставништво - од бугарското претставништво во друга земја, кое е акредитирано за странската земја што го издала изводот на смртта.

Доколку документот за смрт потекнува од земја со која Република Бугарија нема дипломатски односи, легализацијата на изводот на смртта ја врши бугарското дипломатско/конзуларно претставништво во трета земја, каде што има и претставништво на земјата. од кој потекнува изводот на смртта. Во овој случај, документот за смрт мора да биде заверен од застапништвото на земјата од која потекнува изводот на умирање, како и од Министерството за надворешни работи на третата земја каде што се наоѓа странското и бугарското претставништво.

- Губење бугарско државјанство

Бугарскиот државјанин кој постојано живее во странство може да бара ослободување од бугарско државјанство доколку се стекнал со странско државјанство или ако има докази за отворена постапка за стекнување странско државјанство. Со ослободувањето на родителите од бугарско државјанство се ослободуваат и нивните деца помлади од 14 години од бугарско државјанство само доколку е побарано и за нив. За ослободување на деца од 14 до 18 години потребна е и нивна согласност.

Кога само еден од родителите поднел барање за ослободување од бугарско државјанство, децата можат да бидат изземени под условите од ст. 1 само ако и другиот родител дал согласност. Не е потребна родителска согласност кога родителот е лишен од родителските права.

Натурализацијата, врз основа на која е стекнато бугарско државјанство, може да се откаже доколку лицето:

1. користел податоци или факти кои станале основа за стекнување бугарско државјанство, за кои е утврдено дека се лажни по судски налог и/или

2. прикриени податоци или факти кои, доколку се познати, би биле основа за одбивање да се стекне бугарско државјанство и/или;

3. не известил за промена по чл. 32а, и/или;

4. не ги задржал инвестициите, кои станале основа за стекнување бугарско државјанство, најмалку две години, сметано од денот на натурализацијата.

Отповикување на натурализацијата е дозволено само до истекот на 10 години од стекнувањето на бугарското државјанство, освен во случаи кога податоците и фактите од ст. 1, точките 1 и 2 или промената под точка 3 се однесуваат на учество на лицето во тероризам, под услов лицето да не остане без државјанство.

Одземањето на натурализацијата на едниот брачен другар не ја отповикува натурализацијата на другиот брачен другар и на децата, освен ако тие не добиле бугарско државјанство врз основа на истите лажни или прикриени податоци или факти.

- Одземање на бугарско државјанство

Лицето кое добило бугарско државјанство со натурализација може да му биде одземено доколку е осуден за тешко кривично дело против Републиката, под услов да е во странство и да не остане без државјанство.

Одземањето на државјанството на едниот брачен другар не го менува државјанството на другиот брачен другар и на децата.

- Враќање на бугарското државјанство

На лице ослободено од бугарско државјанство може да му се врати државјанството на негово барање, доколку:

1. не е осуден со правосилна казна за намерно кривично дело во земјата во која живее или во Република Бугарија, и

2. не претставува закана за јавниот ред, јавниот морал, јавното здравје или националната безбедност;

3. пред не помалку од 3 години, на датумот на поднесување на барањето за надомест, има дозвола за постојан или долготраен престој во Република Бугарија.

Државјанството на лица со бугарско потекло може да се врати под условите од ст. 1, точки 1 и 2. Државјанството на лице лишено од бугарско државјанство може да се врати ако се утврди дека немало причина за лишување или ако причината го изгубила своето значење.

- Постапка во врска со бугарското државјанство

Стекнување бугарско државјанство со натурализација, ослободување од бугарско државјанство и враќање на бугарското државјанство се врши по барање на заинтересираното лице, поднесено лично до Министерството за правда или до дипломатско или конзуларното претставништво на Република Бугарија. Дипломатското или конзуларното претставништво на Република Бугарија мора да даде образложено мислење за барањето.

За малолетни лица, барањето го поднесуваат нивните родители или старатели, а за малолетните се потпишуваат нивните родители или старатели. Не е потребна согласност од родител кој нема старателство.

По доставување на документите се врши интервју со барателот. За малолетните лица се врши интервју со нивните родители или старатели. При разговор со малолетници тие се придружувани од нивните родители или старатели.

Кога е потребно да се разјаснат фактите и околностите во врска со документите поднесени со барањето од чл. 15, ст. 2, министерот за правда може да бара од подносителот да достави дополнителни документи во рок од 14 дена откако ќе биде известен или да му наложи на Советодавниот совет при Државната агенција за Бугарите во странство да утврди дали подносителот на барањето има бугарско потекло.

Кога со барањето за стекнување бугарско државјанство со натурализација по чл. 15, ст. 1, точка 1, документите од чл. 15, ст. 2, постапката е прекината.

Советодавниот совет издава мотивирано позитивно или негативно мислење во рок од два месеца од задачата, имајќи предвид дали барателот го користи бугарскиот јазик,

дали се идентификува како лице со бугарско потекло, како и дали има барем еден од следните околности:

1. е дел од бугарска заедница или бугарско малцинство во друга земја;

2. потекнува од населба која во минатото била дел од бугарската држава или од Бугарската егзархија;

3. има асценденти кои се носители на бугарскиот традиционален семеен систем.

Структурата, организацијата и активностите на Советодавниот совет при Државната агенција за Бугарите во странство се утврдени со прописи донесени од Советот на министри.

Предлог за стекнување бугарско државјанство по чл. 16 го донесува министерот одговорен за соодветната област во која Република Бугарија има интерес за натурализација на лицето или во која има посебни заслуги. Лицето кое ќе стекне бугарско државјанство мора да даде претходна писмена согласност за тоа.

Предлогот од ст. 1 е мотивиран и во него се наведува конкретниот интерес на Република Бугарија за натурализација на лицето или неговиот специфичен придонес во соодветната област во која лицето има посебни заслуги.

Предлог за откажување на натурализација или одземање на бугарско државјанство дава главниот обвинител. Доколку условите од чл. 22 или 24, министерот за правда може самиот да даде предлог за укинување на натурализацијата или одземање на бугарско државјанство.

Лицето е должно во рок од еден месец од настанувањето на промената на фактите и околностите, кои се однесуваат на стекнување бугарско државјанство со натурализација, ослободување од бугарско државјанство или враќање на бугарското државјанство, да го извести Министерството за правда и да го достави документи кои ја докажуваат промената.

Лицето кое се стекнало со бугарско државјанство со натурализација е должно во рок од 14 дена од настанувањето на промената на фактите и околностите поврзани со инвестициите, кои станале основа за натурализацијата, да го извести надлежниот орган

што ги потврдил инвестициите и да ги достави документите со кои се докажува промената.

Во Министерството за правда постои Совет за државјанство, кој го сочинуваат претседавач - заменик министерот за правда и членови - по еден претставник од Министерството за правда, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството. за регионален развој и јавни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за економија, Државната агенција за национална безбедност, Државната агенција за Бугарите во странство и Државната агенција за бегалци.

На состаноците на Советот за државјанство може да присуствува и претставник на претседателот на Република Бугарија. Советот за државјанство дава мислење за барањата и предлозите поврзани со бугарското државјанство по писмени мислења на Министерството за внатрешни работи и Државната агенција „Национална безбедност.”

Кога е потребно да се разјаснат фактите и околностите поврзани со изведените докази за барањата и предлозите, Советот за државјанство може да бара од барателите да достават дополнителни документи или да назначи претставник од соодветната институција според ст. 1 да изврши увид.

Министерот за правда го утврдува номиналниот состав на Советот за државјанство на предлог на раководителите на соодветните сектори од ст. 1 и издава прописи за своите активности.

Министерот за правда, врз основа на мислењето на Советот за државјанство, дава предлог до претседателот на Република Бугарија да донесе указ или да одбие да издаде указ за стекнување, враќање, ослободување или одземање на бугарско државјанство, како како и за откажување на натурализацијата.

Министерот за правда дава предлог за издавање на уредбата од чл. 34 од:

1. дванаесет месеци - за барања за стекнување бугарско државјанство со натурализација;

2. девет месеци - за барањата на лица со бугарско потекло за стекнување бугарско државјанство со натурализација;

3. шест месеци - за барања за враќање на бугарското државјанство;

4. шест месеци - за барања за ослободување од бугарско државјанство;

5. шест месеци - за барања за стекнување бугарско државјанство со натурализација според чл. 12а и 14а;

6. три месеци - за предлози за стекнување бугарско државјанство по чл. 16, како и за откажување на натурализација или одземање на бугарско државјанство;

7. еден месец - за предлозите за откажување на натурализација или одземање на бугарско државјанство, кога податоците и фактите од чл. 22, ст. 1, точките 1 и 2 се однесуваат на учество на лицето во тероризам или ефективната казна е за кривични дела од чл. 108а, ст. 1 - 4, ст. 6 и 7, чл. 109, ст. 3, чл. 110, ст. 1, предлог шест и под чл. 110, ст. 2 од Кривичниот законик.

Мислењата на Министерството за внатрешни работи и на Државната агенција „Национална безбедност“ се доставуваат до Министерството за правда:

1. најдоцна три месеци пред истекот на мандатот - за Министерството за внатрешни работи, односно три месеци пред истекот на мандатот - за Државната агенција „Национална безбедност“;

2. најдоцна три месеци пред истекот на мандатот - за Министерството за внатрешни работи, односно три месеци пред истекот на мандатот - за Државната агенција „Национална безбедност“;

3. најдоцна четири месеци пред истекот на мандатот - за Министерството за внатрешни работи, односно два месеца пред истекот на мандатот - за Државната агенција „Национална безбедност“;

4. најдоцна 4 месеци пред истекот на мандатот - за Министерството за внатрешни работи, односно два месеца пред истекот на мандатот - за Државната агенција „Национална безбедност“;

5. најдоцна два месеца пред истекот на мандатот - за Министерството за внатрешни работи, односно еден месец пред истекот на мандатот - за Државната агенција за национална безбедност;

6. најдоцна 20 дена пред истекот на рокот - за Министерството за внатрешни работи, односно 10 дена пред истекот на рокот - за Државната агенција за национална безбедност.

Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за национална безбедност доставуваат ажурирани мислења до Министерството за правда најдоцна на денот на состанокот на Советот за државјанство, кога по искажувањето на првичните писмени мислења, настанала промена на фактите и околностите.

Пропустот на министерот за правда да се произнесе во условите од ст. 1 и прекинот на постапката пред него е предмет на жалба пред Управниот суд - Регионот Софија во согласност со Кодексот за управна постапка. Судот само го проверува текот на постапката и донесува одлука која е конечна.

Стекнувањето бугарско државјанство со натурализација, враќањето на бугарското државјанство, ослободувањето и одземањето на државјанството и откажувањето на натурализацијата се врши со указ на претседателот на Република Бугарија. Уредбата влегува во сила од денот на нејзиното издавање.

Министерството за правда издава уверение за промени во државјанството на физички лица. По добивањето на уредбата според чл. 36 Министерството за правда известува:

1. општините или општините во кои се води изводот на родените на лицето - за запишување на промени на државјанството во матичната книга на граѓанскиот статус;

2. општините или општините каде што е постојаната адреса на лицето - за запишување промени на државјанството во регистарот на населението;

3. Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи - за издавање или одземање бугарски лични документи.

Министерството за правда тврди:

1. дневник на барања и предлози за стекнување бугарско државјанство, откажување на натурализација, враќање, ослободување и лишување од бугарско државјанство;

2. регистар на лица кои стекнале бугарско државјанство со натурализација;

3. регистар на лица кои изгубиле бугарско државјанство;

4. регистар на лица со вратено бугарско државјанство.

Државната агенција за Бугарите во странство создава и води електронски регистар со податоци за лицата за кои Советодавниот совет утврдил бугарско потекло. Постапката за водење, чување и пристап до регистарот се утврдува со уредба на Советот на министри.

По пријава на заинтересираното лице, Министерството за правда издава уверение за државјанство во кое е наведено дали лицето е или не е бугарски државјанин според регистрите што ги води Министерството. Уверението се издава во рок од 30 дена од приемот на документите во Министерството за правда.

Може да се бараат информации за државјанството на лица:

1. лицето чии податоци за државјанство се чуваат, а по неговата смрт - неговите наследници;

2. органите на судската власт, министерствата и органите на локалната самоуправа и локалната управа од нивна надлежност и во случаите утврдени со закон.

Министерот за правда обезбедува зачувување и чување на документите поврзани со државјанството.

- Лица без државјанство во Република Бугарија

Едно од главните ограничувања на независната волја на државата да даде или да го одбие државјанството е недозволивоста на расната дискриминација. Овој принцип се рефлектира во Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација и во голем број други документи. Во својата Општа препорака за дискриминација против лицата без државјанство, Комитетот на ОН за елиминација на расната дискриминација го наведува следново:

„Одземањето на државјанството врз основа на раса, боја, потекло и национално или етничко потекло е кршење на обврските на државите да обезбедат остварување на правото на државјанство без дискриминација“.

Меѓутоа, понекогаш поединците не се во можност да стекнат државјанство на одредена земја и покрај нивните силни врски со таа земја - врски кои за другите може да бидат доволни за да гарантираат давање државјанство. Повеќето луѓе без државјанство во

светот припаѓаат на етнички, верски или јазични малцинства. Дискриминација врз основа на раса, етничка припадност, религија, пол, политичко мислење или други фактори може да се открие или ненамерно да биде предизвикана во креирањето или примената на законодавството. Закон може да се нарече дискриминаторски ако содржи негативни одредби или ако резултатот од неговата примена е дискриминација.

За да се избегне овој проблем:

- принципот на недискриминација во врска со државјанството треба да биде вграден во Уставот и во законите за државјанство и да се имплементира во пракса преку соодветни административни и судски одлуки;

- државите мора да ги преземат сите неопходни мерки, внатрешно и во соработка со други држави, за да гарантираат државјанство на секое дете при раѓање. Затоа, децата на оженетите родители, вонбрачните деца и децата на родителите без државјанство имаат исто право на државјанство според меѓународното право;

- Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените има за цел да им обезбеди на жените еднакви права за стекнување, промена или задржување на државјанството. Во согласност со принципите утврдени во Конвенцијата, државјанството на сопругот не може автоматски да го промени државјанството на жената, да ја направи без државјанство и да ја принуди да ја прифати државјанството на сопругот.

- Бугарската политика и стратегија за создавање на бугарски пасош

Предлог Националната рамка на Република Бугарија е документ од најнов формат што го следи континуитетот на претходната стратегија, кој е предложен од Државната агенција на Бугарите во туѓина и претставува официјален документ на нивната веб страна.

Овој документ се однесува на Бугарите кои се зад границите на државата насекаде во светот, за кои се смета дека се по број околу 3,5 милиони бугарски граѓани или лица со бугарско потекло кои се интегрален дел од бугарскиот народ. Токму затоа, бугарската држава преку Државната агенција за заштита на Бугарите во туѓина отвори нов проект со цел да спроведе политика на заштита, поддршка и духовно единство на сите сонародници, независно од местото на живеење. Овие граѓани според Предлог-

стратегијата на Република Бугарија генерираат во себе значителен економски, финансиски, демографски, образовен и интелектуален потенцијал. Исто така, тие претставуваат огромна бројка работоспособни индивидуи со активни работни места, кои економски ја креираат бугарската држава. Ставањето на ваквиот потенцијал во функција на државна политика е од најголема полза за Бугарија на надворешен, внатрешен, економски и културен план.

Според предлог-стратегијата, овие луѓе се сметаат како еден од главните извори за надминување на негативните демографски трендови во Република Бугарија. Така слободно може да се каже дека државната политика на Република Бугарија кон сонародниците во светот е условена пред се од:

- националните и државните интереси на земјата;
- тековните процеси на национална преродба, како и желбата за зачувување на бугарското национално самосознание во бугарските заедници надвор од државата, но и можност за стекнување на бугарско државјанство од лица со бугарско самочувство и определба;
- Веќе изградената и растечка мрежа на граѓански структури и граѓански здруженија на сонародници зад границите (во кои се сметаат и огромниот број компании со мнозински пакет на акции во сопственост на бугарски граѓани), културни клубови, спортски клубови, образовни институции, медиумите на бугарски јазик кои зрачат надвор од границите на Република Бугарија, библиотеките, црквите и црковните општини во целиот свет. Бројот на вакви оранизации од секаков тип е некаде околу 700.
- Новите трендови на глобален и на регионален план и утврдените меѓународни стандарди;
- Можности за лобирање во полза на Република Бугарија преку позициите на одделни сонародници кои имаат углед и солидно присуство во политичкиот, стопанскиот и културниот живот во одредени странски средини и општества и преку најразличните изградени граѓански форми и структури;
- Потенцијалот на Бугарите и бугарските заедници во странство како битен фактор во меѓународните односи во конкретните земји;

• Како и користа на Република Бугарија на надворешен и внатрешен политички, економски, културен и демографски план.

Предлог-стратегијата на Република Бугарија предвидува нови сегменти во своето дејствување, во рамки на државната политика, за почеток на втората деценија на XXI век и нови стратешки приоди кон Бугарите во светот. Тие сегменти се зависни од:

• Членството на Бугарија во ЕУ, како и тековните обврски на земјата и на Владата во тој правец;

• Стабилноста и економскиот развој, коишто ќе ги зголемат можностите за активна и сеопфатна политика кон Бугарите во светот;

• Постоење на значителен број на бугарски историски и нови заедници;

• Зголемената активност на бугарската емиграција, како економски така и политички, во земјите членки на ЕУ кои се носители на бугарското државјанство и бугарскиот пасош;

• Активностите на по обем најголемите нови бугарски емигрантски заедници во Европа, како тие во Шпанија, Грција и Сојузна Република Германија;

• Активностите на историските бугарски заедници, во Украина и Молдавија, на лица кои се со стекнато бугарско државјанство, односно со бугарско етничко потекло. Голем дел од нив имаат стекнато бугарско државјанство во последните триесет години;

• Активностите на бугарските заедници во Македонија,Романија,Албанија и Србија. Овие граѓани со бугарско самочувство дури во последните пет години успеваат да се организираат и да се стекнат со бугарско државјанство. Нивниот број расте секој ден и бројките на овие граѓани се најголем успех на бугарската надворешна и внатрешна политика, во однос на показателите на стратегијата наведена во првиот пасус.

Во исто време, стратегијата на Република Бугарија во однос на грижата на сопствените граѓани во и надвор од земјата посебен дел одвојува за граѓаните кои емигрираат од државата од економски, социјални и други побуди. Така:

• Од 1990 година голем број бугарски граѓани родени и со постигната полнолетност на територијата на Република Бугарија постојано или привремено

престојуваат во странство. Податоците велат дека од таа година па се до 2021 емигрирале околу 600.000 бугарски граѓани.

- Од нив 20% се со високо обраозвание, околу 60% со средно образование, а останатите со основно или неформално образование.

- 65% од бугарските студенти што студираат надвор од Бугарија, остануваат во земјите во кои студираат и тоа најмногу во земјите од Централна и Западна Европа, САД и Канада. Нивната бројка од почетокот на новиот век се движи околу 55.000 луѓе.

Глава 7:Односот на Република Бугарија и Република Северна Македонија

Република Македонија и Република Бугарија имаат долга историја на несогласувања во однос на општите перцепции за постоењето на македонскиот народ, за македонскиот јазик и за македонскиот идентитет. Историјата и на едната и на другата држава е заеднички испреплетена по многу настани кои од двете страни се толкувани дијаметрално спротивно, скоро секогаш мотивирани од политиката на посилниот-во случајов, Бугарија.

Оттаму, историските аспекти придонеле аспирациите на Бугарија низ подолг временски период кон територијата на Македонија да доведат до создавање на јавна и на политичка свест за историска сопственост на се што се нарекува македонско, и оттаму да се градат и корелациите во втората половина на дваесеттиот, па се до првите декади на дваесет и првиот век?

Ако на тоа се придодаде и окупацијата од страна на бугарската царска армија на поголем дел од територијата на Македонија во периодот од 1941-1944 година и останувањето на Пиринскиот дел во состав на Бугарија до денес, ќе се разбере дека бутарската официјална политика (независно од општественото уредување од составот на политичкиот врв: цар, комунистички лидер, демократски избран премиер) не отстапува многу од своите политики на негирање, на асимилација и некооперативен однос со што ги обременува односите; дури и до денес во рамките на едно

максималистичко демократско конципирање на Европа, а тоа е Европската унија во која Република Бугарија е членка, а Република Македонија е кандидат за почеток на преговори.

Како една општа слика, од страна на Република Бугарија постои изразот дека историјата на македонскиот народ е "најромантичен дел" од бугарската историја. Тоа е јавно потенцирано во изјавата на бугарскиот претседател Петар Стојанов кон Република Македонија, кој ја третира во негаторско-патерналистичка смисла, со што сите поважни историски личности (дејци, писатели, револуционери) кои потекнувале, се чувствувале и се изјаснувале како Македонци, ги максимализира како Бугари и ништо повеќе, а сите други особено истакнатите личности од периодот по Втората светска војна ги квалификува како жртви на србо-комунистичкиот концепт.

Понекогаш, таа политика оди дотаму што индивидуи кои се во самиот врв на бугарската државна хиерархија, членови на Владата, отворено негаторски се однесуваат кон македонскиот народ и македонската држава, како што е случај со Божидар Димитров, министер без ресор во Владата на Република Бугарија.

Оттаму, можеме да претпоставиме дека политиката на двојни државјанства

што со леснотија, односно со едноставна процедура им се даваат на македонските граѓани од страна на Република Бугарија(притоа наметнувајќи им сознанија за нивните бугарски корени, за кои не биле свесни) претставува уште еден пример на карактеристичките потези од страна на бугарската национална стратегија, која со децении се обидува да прикаже дека Македонците се само дел од Бугарскиот етникум, дека македонскиот е дијалект на бугарскиот јазик, а македонскиот идентитет е бугарски.

Под претпоставка дека односите помеѓу државите на Балканот во периодот од 2007-2014 година не се обременети со тешки несогласувања, и дека има голем напредок во нивното решавање низ позитивните примери на Словенија-Хрватска (проблемот со територијалните води), Србија-Косово (проблемот на меѓусебните односи), на задоволство на Европската Унија и НАТО, се поставува прашањето зошто Република Бугарија наместо добрососедска политика кон Република Македонија води политика на природување на македонското население и со тоа придонесува за создавање нов проблем, иако е свесна за горливиот проблем со името Република Македонија кој го

поставува Република Грција. Овој проблем доведе до сериозни критики во јавноста, во однос на начинот на кој вештачки се прави природување и миграција на бугарски државјани, меѓу кои и Македонци, во Велика Британија.

Во истовреме, Бугарија се повикува на добрососедство во рамките на Европските институции, како што е Европскиот парламент, бара потпишување на Договор за добрососедство со Република Македонија како услов за неблокирање на македонските евроинтеграции.

Од друга страна, Република Бугарија е соседот на Република Македонија кој прв ја призна нејзината независност на 15 јануари 1992 година и ја отвори вратата и други држави да го сторат тоа, пред се Руската федерација. Исто така, во изминатите 23 години на македонска независност, Република Бугарија се однесувала како пријателска соседна држава, отстапувајќи ги услугите на пристаништето Бургас во тешките моменти на економското ембарго од страна на Република Грција, од 16 февруари 1994 година до 15 октомври 1995 година.

Овој труд ја третира бугарската политика на природување на македонските државјани кои најмногу од економски причини стануваат бугарски државјани и последиците кои можат на внатрешен, и надворешен план) да произлезат од новонастаната ситуација и од бројот на нови Бугари во Република Македонија.

Оваа стратегија не е изолиран случај на Балканскиот полуостров во изминатите дваесет години, особено по војните на поранешните југословенски простори и по создавањето на новите држави со распаѓањето на некогашна Југославија. Така, Република Албанија им овозможи албанско државјанство на сите Албанци од Македонија, преку Косово до Црна Гора, босанските Хрвати без проблем добија хрватски државјанства, на граѓаните со унгарско потекло Република Унгарија им овозможи државјанства до трето колено, Република Романија истото им го овозможи на Молдавците кои се чувствуваат Романци.

Така се создаде државна практика која учествува во создавањето на политичките позиции меѓу овие две држави, директно засегајќи ги нивните внатрешни констелации врз база на население. Република Бугарија воведе интензивна природувачка политика со која на македонските граѓани им овозможи да тргуваат со националните чувства заради економскиот опстанок, и создаде нова бројка на бугарски граѓани со

македонско потекло. Оваа нова бројка може да предизвика барање за создавање бугарско малцинство во Република Македонија, негово влегување во преамбулата на Уставот на Република Македонија, а доколку тоа не се случи – вето од страна на Република Бугарија за македонското членство во ЕУ (почетокот на преговорите).

7.1 Македонија и Бугарија-однос низ историјата

Веројатно, историскиот однос помеѓу Македонија и Бугарија е еден од најинтересните, најконтроверзните и најкомплицираните односи во науката, наречена историја.

Посебно во делот што се вика историја на народите, каде можат да се најдат многу делови кои ќе збунуваат, а податоците ќе се разликуваат само од еден аспект, од ракурсот на гледање односно дали е тој македонски или бугарски. Ќе се задржам на односот во временскиот период од започнувањето на воените активности на 6 април 1941 година и навлегувањето на германските сили во Македонија преку реоните на Страцин и Струмица, па сè до ослободувањето и Второто заседание на АСНОМ периодот кога Бугарија директно била инволвирана во историските настани кои довеле до настанување на македонската држава, македонскиот јазик и македонскиот суверенитет.

Овој период е битен од аспект на денешните односи бидејќи истите прашања се провлекуваат и до 2012-та година, како формати кои функционираат повеќе од 55 години на односите на двете земји. На 10 април 1941 година германските сили и разбиле воените сили на кралството Југославија, посебно воздухопловните кои биле стационирани во Скопје и Куманово и ја окупирале Македонија, од 11 до 17 април траела втората фаза кога германските сили ги занемале виталките објекти бидејки тогашниот крал Петар II Караѓорѓевик преку Грција и Египет бега за Лондон. Иако бара примирје, тогашниот генерал на југослвенската кралска армија Симовиќ не го добива од Германците. На 17 април потпишана е безусловна капитација на југословенската војска со што се отвора можноста за нова поделба на Македонија.

Се создала независна држава Хрватска на чело со Анте Павалик, потоа Србија на чело со генералот Милан Недик.

По барање на Хитлер, Иван Ванчо Михајлов е испратен како советник на Анте Павелик и соработник на Гестапо со цел да биде поблиску до Македонија, и да ги следи настаните во Бугарија. По воспоставувањето на воените граници и поради потребите за подготовки за напад на Советскиот Сојуз, Хитлер побарал од Бугарија да ја окупира Македонија до одредената воена граница која се протегала по линијата Пирот-Врање –Скопје и понатаму по линијата на реката Вардар се до грчката граница. Воените граници биле одредени од Јаким Фон Рибентроп, министерот за надворешни работи на Третиот Рајх.

Навлегувањето на италијанската војска во Македонија и нејзиното приближување до Охрид и повикот на Адолф Хитлер, за бугарската влада претставувале силен мотив на 15 април да ги прекинат дипломатските односи со Југославија, и на 18 ти април 1941 година со војската навлезат во Македонија, бугарската војска во вардарскиот дел на Македонија навлега од три страни и тоа од правец на Крива Паланка, Берово и Струмица.

На 19 април 1941 година таа влегла и во Тракија, во егејскиот дел на Македонија на просторот на десниот брег на реката Марица до реката Струма. Меѓутоа, во согласност со военополитичката состојба во глобална смисла и со настаните на Балканот, а со цел да се задоволат интересите на Германија, фиерот Хитлер во директивата број 29 што се однесувала на окупацијата на Грција, меѓу другото извршил поделба на егејскиот дел на Македонија. Според таа директива Северна Грција, односно територијата на егејскиот дел била поделена на три окупациони зони: италијанска, германска и бугарска. Италија навлегувала до линијата Лерин-Катерини, германската зона го зафаќала најубавиот и најбогатиот дел, на запад од линијата Катерини-Лерин а на исток до реката Струма.

На Бугарија и преостанал просторот од реката Струма до реката Места. Секој од окупаторите организирал своја одбрана, а команда и контрола врз сите имала командата на дванаесеттата германска армија на чело со генералот Вилхелм Лист со седиште во Атина. Границата до која можела да навлезе бугарската војска во Македонија била одредена во планот на Врховната команда на вермахтот на 27 април 1941 година.

На 18 април 1941, бугарската армија започнала со воспоставување на бугарска окупациона власт на подрачјето под нејзина контрола. Воспоставувањето на окупациониот систем се вршел во три фази.

Првата фаза опфаќала паралелно напредување на поените сили, прво во големите градови, па во малите населени места и на крајот на главните комуникациски јазли. Во втората фаза се воспоставувала полициската власт која се спроведувала со повеќе мерки, воведување на полициски час, ограничување и строга контрола на движењето, издавање нови лични исправи.

Паралелно со тие активности, бугарските фашистички сили вршеле силен психолошко-пропаганден притисок врз македонското население. Во третата фаза се воспоставувала нова цивилна, државно-административна власт се организирала со цел да ја

заживее стопанската дејност, администрацијата, образованието, црквата, културата, здравството, информативната, финансиската и другите дејности од областа на општествениот живот.

Организирањето и функционирањето на бугарскиот окупационен систем на Македонија, во исто време значел превземање на природните, историските, културните и други богатства на македонската територија,а во исто време значело асимилација и денационализација на македонскиот народ. За таков вид „ослободување" бугарската влада веќе имала подготвено одредени сили (администратори, полицајци,свештеници, судии) кои за кратко време и без поголеми проблеми воспоставиле воена, судска, законодавна, а потоа и административна и политичка власт, како и црковна јурисдикција.

Целта била животот и функционирањето на бугарската власт во Македонија да биде исто како во Бугарија. Во тој период веднаш пристигнале и македонските емигранти, соработници на бугарската фашистичка власт,кои во средината на април 1941 год. под покровителство на бугарската окупациона власт, го формирале бугарскиот централен акционен комитет, а потоа низ цела Македонија во поголемите градови формирале уште 25 бугарски акциони комитети. Во тој политички interregnum (вакум на власта и управувањето), идејата за создавање бугарски комитети по Македонија потекнала од Стефан Стефанов и Васил Хаџи Кимов, кои имале задача да водат борба за автономна

Македонија под протекторат на Бугарија, а доколку тоа не биде можно да изведуваат акции, демонстрации, да прават петиции и други манифестации во полза на/за присоединување на Македонија кон Бугарија.

Идејата на бугарската држава била директна и неприкосновена во однос на Македонија.

Затоа, откако целосно ја воспоставила својата окупациона власт на 7 јули 1041

година бугарската влада донела одлука да ја распушти активноста на македонските акциони комитети.

Покрај бугарските акциони комитети, во тоа време приврзаниците на Ванчо Михајлов ја продолжиле соработката со бугарската влада, а дел соработувал со германските окупаторски команди. На тој начин дошло и до спојување на две групи, по кои едната која била блиска со Михајлов, а сочинувале веќе споменатите Васил Хаџикимов Стефан Стефанов, Кирил Дрангов, Борис Огненов и други, додека во другата биле Димитар Чкатров, Спиро Китанчев, Димитар Ѓузелов.

И двете групи имале бугарска национална определба и врз таа основа ја остварувале соработката со бугарската власт, на која и одговарале овие домашни предавници. Како основа на дејствувањето на првата група било обединувањето на Македонија во рамките на бугарската држава, додека втората барала прогласување на автономна и независна држава во рамките на Третиот Рајх.

7.2 Односот на Република Бугарија кон македонскиот јазик

Односот меѓу Бугарија и Македонија е еден од најинтересните, најконтроверзните и најкомплицираните односи во науката наречена историја. Особено во делот историја на народите каде можат да се најдат многу делови кои збунуваат, а податоците ќе се разликуваат само од еден аспект, од ракурсот на гледање односно дали е тој македонски или бугарски, иако поимот македонски и Македонија води потекло уште од антиката, а поимот бугарски и Бугарија датира подоцна, од VII век.

Односот помеѓу двете географски територии започнува некаде околу дваесеттиот век,во време на владеењето на цар Самуил, кој во многу историски книги е третиран како Самуил од Бугарија. Посебен однос Бугарија и како царство и како Република по Втората светска војна па се до денес има кон македонскиот јазик, однос што се движи од максимално негирање до максимално присвојување, со правец на образложение кое

вели дека македонскиот јазик е србизиран бугарски, или поточно, тоа е дијалект на бугарскиот кој се зборува во Егејска и во Вардарска Македонија.

Цитирам: „Бугарската држава, пред меѓународната заедница и дипломатските кругови, јасно и цврсто ја постави неоснованоста и неможноста да се признае суштестувањето на македонскиот јазик и македонската заедница, како различни од бугарските. Историските факти велат македонскиот јазик постои и тој како таков не претставува опасност за бугарскиот по ниеден основ. Разнебитувањето на македонскиот јазик од страна на официјална Софија, но и неофицијално, се засилува во периодот од македонското осамостојување до денес.

Сведоци сме на разните негирања кои потекнуваат од соседите, на Република Бугарија како да е специјализирана за негирањето на македонскиот јазик. Негирањето на самобитноста на македонскиот јазик има подолг континуитет и претставува концепт од кој Бугарите никогаш реално и не отстапиле. Веројатно, голем дел од суштината на овој проблем е имплементиран и во нивните постапки во однос на придобивањето на македонскиот народ, односно македонските граѓани и поединци по разни основи да земаат бугарски државјанства. Исто така, негирањето на македонскиот јазик претставува пречка за продлабочување на билатералните односи помеѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Република Македонија се соочува со таквата политика, а посебна специфика ова однесување добива во фактот што доаѓа од земја-членка на ЕУ, која е потписник на сите меѓународни конвенции за почитување на човечките права на Обединетите Нации. Сите овие негирања проаѓаат без поголемо влијание врз европските институции, кои не и пречат на Република Бугарија во реализацијата на зацртаните, стратешки државни политики. Така, нивните напори се движат од класично негирање на јазикот до негирање на историската вистина дека во Република Македонија постои официјален јазик, македонскиот, кој како посебен е заведен и во регистрацијата на државата во Обединетите нации.

Тврдењата од типот дека јазикот бил вештачки натурен и е различен од јазикот кој се зборува меѓу народот, на улицата, по селата, и којшто е наводно бугарски се плод на одредени бугарски умови кои ја градат државната стратегија кон Република Македонија. Изјавите на политичарите во Република Бугарија ретко се искрени,

секогаш имаат дволична нота која преовладува и ја надминува дипломатската коректност и воздржаност.

Така, шефот на бугарската дипломатија Николај Младенов, во септември 2012 година ќе изјави, цитирам:„ Поддршката зависи од извештајот на европската Комисија за Македонија, по кој ќе се одлучува за месец и половина. Кристално јасно е дека е невозможно да успеат за месец и половина од нивните учебници да и исфрлат содржините според кои Бугарија ја окупирала Пиринска Македонија, со што била поделена нивната земја и народ."

Ретки се политичарите од Република Бугарија со искрени намери од типот на некогашниот бугарски претседател Жељу Желев, кој веројатно е еден од малкуте вистински пријатели на Република Македонија. Тој е еден од најзаслужните за признавањето на Република Македонија од страна на Република Бугарија на 15 јануари 1992 год., со тоа што беше првото признавање на некоја странска држава по референдумот и осамостојувањето, но и чин кој го отвори просторот за другите држави да го сторат истото. Тој во август 2006 год., вели: “Бугарија беше првата држава што ја призна Македонија. Ние го убедивме Елцин, Руската федерација официјално да ве признае, Турција на ист начин, па Филипините и другите држави”.

Но,негирањата се доминантни. Така, во 1994 година бугарскиот медиум 24 часа вели: во денешна Република Македонија постојат два јазика, едниот е официјалниот-јазикот на протоколот на државните средства за информирање, а другиот е јазикот на улицата, народниот говор, различен од секој од македонските краишта, но кој ги зачувал заедничките црти со бугарскиот јазик. Во суштина со оваа теза која провејува долго време низ бугарските политички кругови, низ општествената свест, низ бугарската доктрина кон Република Македонија, се обидува да се наметне теза каде што се мешаат реалноста и романтизмот во однос на македонската држава. Имено, првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година кога се донесува, цитирам:„ Решението на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија за заведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава, го озваничува македонскиот јазик кој со векови се развивал и се говорел кај македонското население на просторот на територијата на Македонија. Само пет години потоа, политичките кругови во Бугарија продолжуваат со негирањето на македонскиот јазик и идентитет, веднаш по смртта на претседателот на Бугарија Георги Димитров на 2 јули 1949 година

под сомнителни околности во Москва, единствениот кој се залагал Македонците во Бугарија да го говорат својот јазик, да се декларираат како Македонци и да пишуваат на својот јазик. Сепак, соочени се со реалноста за постоењето на македонската држава во рамките на тогашната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во Бугарија тој факт го доживуваат како удар врз бугарското национално битие во Македонија, а и на Балканот.“

Притиснати од реалноста на македонската држава, посебно во периодот на владеењето на Тодор Живков (од 1956 година до 1990 година) оттаму се декларираше готовност сите документи со Социјалистичка Република Македонија да се потпишуваат и на македонски јазик, но не како политички акт, туку затоа што е според Уставот на СФРЈ еден од рамноправните јазици.

Бугарските политичари кои ја водат Република Бугарија оваа негаторска политика ја продолжуваат и по осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година. Така, бугарскиот премиер Жан Виденов на 31 мај 1996 година,како одговор на барањето од македонската страна во договорите потпишани од двете страни да стои клаузулата дека се составени на македонски и на бугарски јазик, ќе изјави: “Позната е тезата за постоењето на тој јазик како атрибут на таканаречената македонска нација и респективно на таканареченото македонско малцинство. Таа позиција е неприфатлива за нашата страна. Ние сметаме дека не е реално да се обврзува развојот на двостраните односи со претензиите за политичко признавање на нашата страна на терминот македонски јазик”.

Така, не само врвот на бугарската држава, туку и аналитичарите, политиколозите, обичните луѓе во Република Бугарија живеат со свеста дека македонскиот јазик е вештачка творба, создаден од Коминтерната.

Иако македонскиот јазик типолошки се разликува од останатите балкански јазици, станува очевидно зошто Бугарите го премолчуваат неговиот историски развој, па при своите политичко-државни интервенции ги изоставуваат условите што доведуваат до негоа сукцесивна стандардизација. Тука во вода им паѓа тезата за србизиран бугарски јазик, бидејќи се работи за типолошки различни јазици. Така, согласно историските текови, македонскиот јазик наоѓа своја општа примена и брза стабилизација бидејќи почива на здрави историски корени и на вистински темели во народниот говор, во народните обичаи, во идентитетот на народот што го говорел, во смислата на

народните усни преданија, во пишаните документи на истакнатите дејци на македонскиот народ, како и во сите оние човечки постулати кои го определуваат секој засебен јазик на Земјината топка. Така, македонскиот јазик е рамноправен со другите светски јазици, без разлика дали Бугарите како народ и како држава го признавале или не.

7.3 Македонско малцинство во Бугарија

И покрај постојаното историско негирање на македонското малцинство во Република Бугарија, етничките Македонци формираат повеќе здруженија и друштва за да ги заштитат своите права во земјата, но и да ги презентираат своите проблеми надвор од неа, воглавно во европските институции.

Првата организација на Македонците во Бугарија е формирана во далечната 1989 година (ноември), веднаш по падот на комунизмот под името ОМО Илинден. Веќе наредната година на 22 април Македонците го одржуваат првиот масовен собир на гробот на Јане Сандански по повод 80-годишнината од неговата смрт во Роженскиот манастир на кој присуствуваат неколку илјади луѓе. Во 1999 година, оваа организација ги собира потребните потписи и ги исполнува сите услови за регистрирање на политичка партија со што настанува Обединетата македонска организација Илинден-партија за економски развиток и интеграција на народот (ОМО „Илинден-Пирин"). Партијата учествува на локалните избори каде освојува е градоначалнички места.

Но, веднаш потоа во 2000 година на 29 февруари Уставниот суд на Република Бугарија ја поништува нејзината регистрација со образложение дека партија која се изјаснува дека дел од територија на Бугарија е туѓа и се залага за нејзино отцепување од бугарската држава е противуставна и не смее да постои. На 25 ноември Европскиот суд

за човекови права во Стразбур ја осуди Бугарија, но не затоа што ја укинала партијата, туку што го забранила правото на слободен собир според Европската конвенција за човекови права, иако основните цели на партијата се: заштита на човековите права, зачувување на духовните вредности, традиции и култура на населението од областа на

Пиринските планини и бегалците од Вардарска и Егејска Македонија кои се населени низ целата територија на Република Бугарија.

Исто така, оваа организација го осудува секое насилство, екстремизам и национализам врз поединци или нивните принципи, без оглед на тоа дали е спроведено од државата, партијата, група, поединци или не. Судот во Страсбур не ја исправа кривичната одговорност, туку, донесува одлука за исплата на оштета и не наложува повторно регистрирање на партијата согласно европските конвенции, кои се однесуваат на националните малцинства и нивното право на организирање.

Во 2011 година Судот во Стразбур по третти пат ја потврдува првичната пресуда за оштета, но носи и една негативна, со која всушност ја поддржува политиката на Софија во нејзините тврдења дека македонско малцинство во Република Бугарија не постои, со што не постои можност за повторна регистрација на партијата. Во образложението на судот се вели дека:„ Судот донел едногласна одлука дека не се прекршени членовите 11 и 14 од Европската конвенција за човекови права. “

Според наједноставното читање на Судот за човекови права тој не видел дискриминација од страна на државата и практично препорачува. „ОМО Илинден-Пирин", регистрирана како партија во 1999, а укината од Уставниот суд една година подоцна, повторно да ја започне процедурата за регистрација според новиот закон за партиите.

Ваквата пресуда оваа година била очекувана од стручната јавност (2011) зашто во јуни Комитетот на министри на Советот на Европа донел резолуција со која ги затворил предметите „ОМО-Илинден" и „Иванов и другите против Бугарија. Комитетот сметал дека Бугарија ги исполнила сите обврски од пресудите донесени во Европскиот суд со досудената компензација, со пресудата од 2005-та година. Суштината на овие судски процеси, кои ги водеше македонското малцинство во Бугарија во судот во Стразбур е обидот за признавање на македонското малцинство во Бугарија, и со тоа овие резолуции имаат посебна политичка тежина. Таа продолжува да не дозволува регистрација на две македонски здруженија, македонското културно друштво „Никола Вапцаров" и Друштвото на репресирани Македонци". Образложението на бугарската држава е дека доколку се регистрираат овие друштва, тоа ќе ја загрози бугарската нација" Така, оваа македонска организација со либерални и демократски принципи и политика, изградена врз основа на бугарскиот Устав и законите, како и врз Рамковната

конвенција за заштита на националните малцинства и на сите други меѓународно релевантни документи, станува непожелна за бугарската држава и за бугарските институции само затоа што во неа членуваат лица кои се декларираат како Македонци, нешто што Бугарија во својата политика го има зацртано како непостоечко.

Така и обидот за регистрација во Софискиот суд во август 2006 година, повторно бил одбиен во октомври истата година од Софискиот градски суд врз основа на неисправни документи, организацијата и било понудено да биде единствено регистрирана како невладина организација, бидејќи според судот, статутот и програмата на „ОМО-Илинден Пирин" одговараат на целите кои ги имаат невладините организации. Пресудата на Софискиот градски суд е конечно потврдена од Врховниот касационен суд на Република Бугарија на 11 Октомври 2007 година со Одлука N76245. На 15 јули 2007 година е направен нов обид за регистрација. На местото Предела на Пирин планина е одржано Собрание со 685 делегати.

И тој обид е одбиен од судот. Во врска со ова, партијата поднесува нова тужба против Република Бугарија која е исто така одбиена, во контекст на регистрацијата на партијата. Поднесена е и жалба до омбудсманот на Република Бугарија. Но и покрај сè уште недефинираниот статус ОМО „Илинден Пирин" во април 2007 е примена за полноправен член на Европската слободна алијанса. Тие објавуваат и свој весник, наречен ‚Народна волја". Партијата, иако без регистрација од државата Бугарија, најмногу дејствува во Пиринска Македонија (Благоевградската област во југозападна Бугарија), каде што е концентриран најголемиот број Македонци во Бугарија. Според изјавите на еден од водачите на организацијата, Стојко Стојков, во Бугарија има 187.000 луѓе кои се декларираат како Македонци..„ОМО-Илинден Пирин", покрај своите барања за признавање на малцинските права на Македонците во Бугарија, активно учествува и во културниот и националниот живот на Македонците преку разни активности, како што се одржување собири и чествувања во Рожденскиот манастир на гробот на Јане Сандански по повод годишнините од неговото раѓање и загинување, организирање на разни фестивали и културни манифестации.

На 19 октомври 2008 година се одржала петтата национална конференција на партијата. Присутни биле 518 делегати, а се донела одлука за нов обид за нејзина регистрација. Одредени националистички партии во Бугарија, како ВМРО-БНД на Красимир Каракачанов и АТАКА на Волен Сидеров, повеќе пати се обидувале да ги спречат

собирите и седниците на партијата, физички да ги нападнат нејзините членови, да пропагираат дека партијата е финансирана и поддржувана од властите На Република Македонија,со цел да се Македонизира" благоевградскиот крај.

Генералната состојба на македонското малцинство во Република Бугарија може да се сведе на неколку постулати. Како прво, Република Бугарија не признава македонско малцинство и впрочем затоа не дозволува регистрација на партијата. Тоа е сегмент од државаната политика и стратегија на бугарската држава кој е непроменет, и функционира од времето на Царството Бугарија, преку Бугарија на Тодор Живков, транзициона Бугарија, па сé до денешна Бугарија-членка на Европската унија.

Со тоа, Македонците во Бугарија можат да зборуваат македонски, можат да си одат по слави и веселби, можеби евентуално да организираат некој фестивал и тоа е сѐ. Декларираните македонци не можат да се вработат во јавната администрација, не можат да бидат гласани за функции, не можат да бидат декларира и јавни личности. Врз нив се врши симултан, софистициран, а понекогаш и груб јавен притисок што оди до состојба на медиумски линч.

Република Бугарија не го признава македонскиот јазик, со што е оневозможена неговата употреба каде и да било, со еден збор тој е забранет на јавните места. И тоа е сегмент од

бугарската надворешна и внатрешна политика, негација на се што е македонско, и истовремено неговото поистоветување со бугарските корени. Овие две причини доведуваат до непријатна состојба во односите на двете земји, но и тука Република Бугарија во последните три години (2012-2014) дејствува од позиција на сила, односно ги споделува грчките позиции кон Македонија, во однос на нејзиното зачленување во НАТО и Европската унија.

7.4 Број на македонски граѓани со бугарски пасош

Република Македонија со својот Устав дозволува двојно државјанство. Тоа е основната премиса која на македонските граѓани мотивирани од економски, социјални, политички и други причини им овозможува да земат и друго државјанство, покрај македонското.

По распаѓањето на Југославија, многу граѓани останаа во Македонија, иако нивните корени беа насекаде од просториите на некогашната татковина. Испреплетувајќи ги народите и народностите, југословенската политика создаде семејства во сите комбинации. Во деведесетите години на минатиот век во Република Македонија останаа многу мешани бракови во кои едниот сопружник беше од Македонија, другиот од Словенија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Косово или Црна Гора.

Иако децата од тие бракови се чувствуваа македонски државјани, правото на самоопределување државата не им го оспоруваше во ниеден момент. По економскиот раст на Словенија и Хрватска многу од тие семејства зедоа пасош на тие држави, некои зедоа двојни државјанства, и од Србија следејќи ги повеќе националните чувства, помал број од Босна и Херцеговина и од Црна Гора. Следејќи ја албанската кауза и единството на Албанците на територииите кои ги населуваат, се претпоставува, дека голем број македонски Албанци имаат и косовски и албански пасоши, но релевантната бројка или прецизно истражување во овој правец не постои.

Има индикации и за десетици унгарски и романски пасоши, како атрактивни европски пасоши, кои ги земале Унгарци и нивните семејства дури до трето колено, но и одреден број Власи што успеале да го докажат своето романско потекло. И до тука, бројот на двојни државјанства и пасоши на македонски граѓани оди по одреден логичен след, придружен со историски континуитет на поранешната држава, мешаните бракови... сличниот концепт како во гореспоменатите држави. Но од почетокот на минатата деценија, во периодот од 2002 па се до 2014, постои еден феномен што е карактеристичен како по својата растечка тенденција, така и по политичките консеквенции со кои ги креира односите помеѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Се работи за природување на македонските влегувањето на Република Бугарија во Европската унија во 2007 година. Во граѓани кон бугарското државјанство, феномен кој особено зема замав по 2014 година ја доживува својата кулминација поради фактот дека завршува периодот од седум години, во кој бугарските граѓани немаа право да работат во одредени делови на ЕУ, и пазарот на труд е потполно отворен за сите оние кои можат да најдат работа.

Истражувањето на бројот на издадени државјанства на македонските граѓани претставува процес во кој информациите се, изманипулирани од политиката што го

следи овој феномен. Процесот што започнува во 2002 година во делови од источна Македонија(со образложение во медиумите дека тоа се лица што земале бугарски пасош за полесно да дојдат до стари возила увезени во Бугарија од земјите на Европската унија, претежно Германија, а се неколкупати поевтини од возилата со иста година на производство во Македонија)па се до 31 август 2014 кога македонски здруженија и поединци пишуваат протесни писма до Брисел за преиспитување на целата процедура на издавање на државјанствата.

Логично е, за земја-членка на Европската унија податоците да се добиваат од релевантни европски институции што се занимаваат со таа проблематика. Во нашето истражување како основа ќе ги земеме бројките на државјанства претставени според Еуростат 132. Според Еуростат, бугарски државјанства во 2002 година добиле 1.369 македонски граѓани, во 2003г. 1.735, во 2004 г. 2.302, во 2005 г. 2.444, во 2006 г. 2.933, во 2007г. 3.247, во 2008г. 3.637, во 2009 г. 427, во 2010 г. 439, во 2011г. 272, додека во 2012 година бројот е зголемен многукратно и изнесува 8.185 или вкупно за една деценија 26.990 граѓани извадиле бугарски пасоши. Бугарскиот весник ,Монитор", истражувајќи ја оваа тема дознава дека од 2010 до 2014 бројот на издадени македонски пасоши е 27.800 .Сето ова остава простор за сомневање, затоа што бројките добиваат од еден извор, туку од повеќе различни институции и стануваат предмет на шпекулации во јавноста на двете земји. не се официјално ја изнесува Комисијата за бугарско граѓанство во туѓина.

Може да се каже дека за првпат со јасна информација по ова прашање што 23.01.2013

година на прес-конференција, која ја држи во периодот од потпретседателката Маргарита Попова, објавува дека 23.01.2011г. до 22.01.2012 г., 8.185 македонски граѓани добиле бугарско државјанство. Бројката,според информации проследени од медиумите од прес- конференцијата на Државната агенција за Бугарите во туѓина на 11 јануари 2014 г., како единствен релевантен факт објавен од бугарска официјална институција, која е директно инволвирана и одговорна за изјавите за бугарска самосвест", како и за подготовка на документите со кои Министерството за правда на Република Бугарија ги издава државјанствата, а иницирана од сериозните критики започнати од истрагата на новинари на британскиот весник Дејли Телеграф.

Таа се разликува од сите досега претставените бројки и вели дека од 2002 до почетокот на 2014 биле издадени 51.391 бугарски податок што го пренесуваат сите бугарски

медиуми со што се отвора јавната дискусија за повреди на процедурата при работа на оваа агенција.

Според динамиката последните 4 години, по завршувањето на седумгодишниот период според ЕУ правилата(во кој бугарските граѓани имаа ограничен пристап на пазарите на труд во одредени европски држави) логично е да се претпостави дека и оваа година тенденцијата за издавање бугарски пасоши на македонски граѓани ќе остане иста, што значи дека бројката ќе се придвижи кон 60.000 граѓани. Претпоставките на новинарите од Дејли Телеграф", кои и самите истражувале и ги добиле истите информации, се во доменот на шпекулациите, исто како и некои македонски медиуми кои манипулираат со бројка од 90.000 до 150.000 носители бугарски пасоши.

На моето барање до Амбасадата на Република Бугарија за официјален податок, добив одговор дека податоците што ги објавува Државната агенција за Бугарите во туѓина и Министерството за правда на Република Бугарија со најрелевантни, и тоа како дел од европските институции на државата Бугарија се во потполност условени со европските податоци.

7.5 Документација за издавање бугарски пасош

Документацијата и процедурата за добивање на бугарско државјанство

и пасош се максимално крајно од страна на бугарската држава, односно нејзиниот истурен пункт.

Државната агенција за Бугарите во туѓина и Министерството за правда на Република Бугарија. Оваа процедура е со цел да овозможува лесно доаѓање до државјанства на одредени таргетни групи, во кои спаѓаат и Македонците, украинските Бугари, Бугарите од Молдавија, па дури и Русите, со намера да се реализира бугарската стратегија за Бугарите во туѓина.

Основниот дел се завршува со добивање потврда за бугарско потекло или во оригинал "БЪЛГАРСКИ ПРОИЗХОД", што ја издава Агенцијата за Бугарите во туѓина. Оваа изјава е главниот документ со кој се потврдуваат бугарските корени на барателот и со него се докажува дека лицето што аплицира тоа го прави според законските рамки и одредената процедура.

Потребни документи за добивање на уверение за бугарско потекло се:

- Пријава по образец добиен преку интернет страната на ДАБЧ (Државна агенција за бугарите во туѓина);
- Копија од извод на раѓање (оригиналот се доставува за заверка);
- Копија од првиот пасош на странката, посебно страниците со податоците за лицето, бугарската виза и печатите од граничната контрола од последното влегување во Република Бугарија;
- Нотарски заверена изјава за бугарско национално сознание според образецот.

Важно е овие документи да се поднесат лично. Освен во Државната агенција за Бугарите во туѓина, апликациите можат да се поднесат и во дипломатските и конзуларните претставништва на Република Бугарија во странство. Кон барањето можат да се достават и други документи што содржат докази за бугарско потекло на лицето, како што се: изводи на раѓање од своите предци издадени од бугарските власти; потоа документи за поседување (издадени од бугарските власти на кои јасно се чита и се гледа дека сопственик на тапијата е со бугарско име и презиме и се посоченото лице - нарекува Бугарин, а е во крвно сродство со лицето кое бара бугарско државјанство); потоа крштеници од бугарската православна црква лица(прадедовци и прабаби, дедовци и баби, татковци и мајки) кои се во крвно сродство на лицето што бара бугарско државјанство; потврди за служење во бугарската армија на лица кои се во крвно сродство со лицето кое бара државјанство; и сите можни документи кои барателот може да ги приложи, а се во прилог на докажување на врските со неговото ”бугарско национално чувство".

Она што Државната агенција за Бугарите во туѓина ги бара како официјални документи кои можат да го поткрепат издавањето на овој документ се:

- Документи издадени од бугарски или странски државен орган со кои се потврдува бугарското национално чувство на барателот;

- Документи издадени од бугарската православна црква кои содржат податоци за националноста на лицето-барател на државјанство;

- Правосилно судско решение на бугарски суд со кој е востановено бугарското национално чувство;

- Одлука на странски суд призната по уставен ред;

- Документ за бугарско национално чувство на лицето издаден од

Организација на Бугари кои живеат надвор од Република Бугарија.

Издавањето на дупликат потврда за бугарско потекло се добива по поднесување на барање по утврден образец. Во овој документ се наведуваат: датумот на издавање, податоците за лицето и за што треба да му послужи.

Заедно со барањето се приложува и копија од претходно издадените документи. Барањето за дупликат може да се поднесе и преку овластено лице, не мора лично, но со заверено полномошно на нотар. Роковите за издавање на уверение за бугарско потекло се: 30 календарски дена, за студенти 15 календарски дена и за дупликат 30 календарски дена. За сите овие процедури постојат формулари, кои можат да се симнат од веб страницата на ДАБЧ, и тоа:

- Правилник за условите за упис во Регистар на Државната агенција на

бугарите во туѓина;

- Пријава-формулар за издавање на уверение за бугарско потекло;

- Изјава за бугарско национално чувство;

- Пријава за издавање дупликат за потврда за бугарско потекл::

- Формулар за признавање на странски акти;

- Пријава по член 117 од Меѓународното приватно право. Меѓутоа, оваа процедура во изминатите години покажа извесни аномалии кои за истражувани од новинари и исто така беа констатирани и од официјални претставници на бугарската администрација. Така, во интервјуто на заменик- министерот за правда на Република Бугарија, Илија Ангелов за весникот „ТРУД-130“ на 29.01.2014год. на прашањето и

констатацијата:„Треба ли да се прошири прашалникот со кој го правите интервјуто со кандидатите државјанство?“

Повеќето од нив доаѓаат со наизуст научени одговори на петнаесетина прашања, на кои ги упатиле посредниците!", тој вели: „Според законот интервјуто се води на бугарски јазик, но многу често се случува интервјуираните да не го знаат јазикот и да користат преведувачи. Јас присуствував случајно на интервју на една албанска државјанка. Кога влегов таа зборуваше на англиски јазик, а преведувачот преведуваше на лош бугарски."

Оваа изјава само го потврдува фактот дека има сериозни проблеми со процедурата и дека таа оди во два правци. Едниот правец е да им се овозможи на максимален број апликанти од Република Македонија да го добијат уверението, а другиот правец е да се дадат на уверенија на луѓе кои немаат никаква доипрна точка со Бугарија.

7.6 Можност за работа во ЕУ со бугарски пасош

Економскиот мотив што ги поттикнува македонските државјани да го побараат второто бугарско државјанство, беше овозможен од законската регулатива за вработување во Европската унија за новите земји членки, која и покрај трите фази и ограничувањата во периодот 2007-2014, придонесе можноста за работа на лицата со бугарско државјанство да биде основа за природувањето на македонските граѓани кон бугарската држава.

Од почетокот на 2014 година земјите на Европската унија ги примија бугарските и романските работници (по седумгодишниот преоден период во кој можеа да им воведат ограничувања) кои сега можат слободно да конкурираат на единствениот пазар на трудот. Оваа можност предизвика расправи во некои земји-членки, поради можноста работниците од овие две земји со своето масовно доаѓање да ги загрозат работните места на домашните работници, кои и онака поради европската криза не се на нивото од претходните години.

Привремените ограничувања на четирите темелни слободи врз кои почива европскиот слободен пазар, како што се: слобода на движење на стоката, слобода на движење на капиталот, слоободата на давање услуги, и конечно слободата на движење на луѓето, воведена е првпат во 2004 година кога на Унијата и се придружуваат десет земји

членки (Кипар, Чешка, Естонија, Литванија, Летонија, Унгарија, Малта, Полска, Словачка, Словенија), се однесува и на Бугарија и на Романија кои се придружуваат во 2007 година, но и на Хрватска која се придружува 2013 година, а ќе се однесува и на земјите кои во наредниот период ќе и се придружуваат на Унијата.

Принципите кои се воспоставени им овозможуваат на старите земји членки на Унијата да го ограничат пристапот на својот пазар на труд, и тоа во три фази. Во првата фаза, секоја земја може да одлучи дека во првите две години нема да го применува европското законодавство, туку своето национално, кое скоро секогаш предвидува дека работниците кои доаѓаат мора да имаат работни дозволи за да добијат работа во тие земји. Во втората фаза што трае три години, земјите членки мора да ја информираат Европската комисија и да и дадат конкретно и издржано образложение зошто го продолжуваат рокот во кој не сакаат да ги примат странските работници; и третата фаза што е времетраење од две години, може да го оправда рокот за неприфаќање на странските работници само со опасноста од сериозно нарушување на пазарот на труд.

Ова ограничување важеше за бугарските и за романските работници до 2014 година, а првата фаза истече на 31 јануари 2008 година, по што девет земји (Германија, Франција, Австрија, Белгија, Луксембург, Малта, Холандија, Велика Британија за Бугарите и Романците, и Шпанија само за Романците) одлучија да го продолжат рокот за уште три години.

Во тие земји бугарските државјани можеа да работат само со работна дозвола, и тоа за 291 занимање за кои е утврдено дека има недостаток од работници. Во другите земји на Унијата државјаните на Бугарија можеа да работат без пречки, што мотивираше многу македонски државјани да ги прифатат условите, да аплицираат и да го добијат бугарското државјанство, а со тоа и да најдат работа во некоја од земјите на Европската унија.

Глава 8: Резултати од истражување

Изборот на методи, техники и инструменти при истражување, зависат од природата на предметот, односно од неговата суштина и карактер. Со оглед на тоа дека ова истражување има теоретски и емпириски карактер, како најсоодветни се следните истражувачки методи:

- метод на теоретска анализа и
- дескриптивен метод

Со методот на теоретска анализа и со дескриптивниот метод се проучува теоретската основа на целокупното истражување. Всушност, наведените методи се применети во рамките на теоретскиот дел од докторската дисертација, каде што се опфатени и проанализирани соодветни извори, кои се во контекст на предметот на истражување.

8.1 Техники на истражување

Од истражувачките постапки, односно техники, најсоодветни за истражувањето се техниката на интервју и анкетирање.

8.2 Инструменти на истражувањето

За прибирање на податоците од истражувањето, користени се инструментот на анкетен лист, со кој се анкетирани голем број испитаници од територијата на Република Бугарија и Република Македонија, особено лицата кои имаат двојно државјанство и со тоа е направена компарација помеѓу овие две државјанства. На почетокот од истражувачкиот дел најпрво се прикажани анкетите од македонските граѓани. Анкетниот лист содржи прашања од отворен и затворен тип.

8.3 Обработка на податоците

За обработка на податоците од спроведеното истражување, користени се стандардни статистички постапки. Обезбедена е компјутерска обработка на податоците и нивно средување.


8.4 Резултати од анкетата

Според подолу прикажаната табела може да се забележи дека се анкетирани лица од целата територија на државата. Најголем број на испитаници се од Скопје (14.7), Струмица (8,8%), Берово (7,4%), Куманово (5,9).

Место на живеење	Број на испитаници	%
Скопје	10	14,7%
Струмица	6	8,8%
Гостивар	2	2,9%
Штип	3	4,4%
Куманово	4	5,9%
Берово	5	7,45
Кавадарци	3	4,4%
Крушево	1	1,5%
Охрид	3	4,4%
М.Каменица	1	1,5%
М.Брод	2	2,9%
Св.Николе	3	4,4%
Кичево	3	4,4%
Злетово	3	4,4%
Радовиш	2	2,9%
Кр.Паланка	3	4,4%
Велес	3	4,4%
Струга	3	4,4%
Неготино	3	4,4%
Битола	5	7,4%
Вкупно	68	100%

Табела 1.Број на испитаници на територијата на Македонија


Од наредниот графикон може да се види дека најголем број на испитаници се со средно образование (50%), а потоа следат испитаници кои имаат завршено високо образование (32,4%).



Графикон 1.Образование на испитаниците

Според возрасната група најголем број на испитаници се на возраст од 31-40 години или 38,2%, од 18-30 години испитани се вкупно 33,8%, на возраст од 41-50 години има

22,1% анкетирани, а најмалку се оние кои се на возраст од 50 години или 5,9% од анкетираните лица.



Графикон 2.Возрасна група на испитаниците

Според националноста, најголем број на испитаници се Македонци или 80,9%, потоа следуваат оние кои се изјасниле како Бугари 7,4%, Срби и Власи се 4,4%, а најмалку се Роми, односно 1,5% од испитаниците.

Националност	%
Македонец	80,9%
Албанец	1,5%
Бугарин	7,4%
Србин	4,4%
Ром	1,5%
Влав	4,4%
Вкупно	100%

Табела 2.Националност на испитаниците

Сите испитаници имаат двојно државјанство со Р.Бугарија.

Дали имате двојно државјанство?	Испитаници
Да	68
Не	0

Табела 3.Двојно државјанство на испитаниците


Од која држава?	Вкупно

Р Бугарија	68
Вкупно	68

Табела 4.Двојно државјанство со Р Бугарија

На прашањето: дали со земањето двојно државјанство сметате дека ќе имате подобра иднина отколку само со македонското? 55.9% одговориле потврдно.

Најголем број на испитаници кои одговориле на ова прашање се со високо образование или 25%, а потоа следуваат оние кои се со средно образование или 23,5%. Најголем број на испитаници кои одговориле со “можеби” на ова прашање или 32,4% имаат завршено средно образование односно 22,1%.



Графикон 3.Дали со земањето на двојното државјанство сметате дека ќе имате подобра индина отколку само со македонското?

Вкупно 83,1% од испитаниците, како причина за земање на бугарско државјанство го наведуваат економскиот мотив. Политичкиот мотив за земање на бугарско државјанство го навеле 10,8% од вкупниот број на испитаници.




Графикон 4. Причини за бугарско државјанство

Најголемиот број на испитаници што го навеле економскиот мотив како причина за бугарско државјанство 29,2% се на возраст од 31 до 40 години, а потоа следуваат оние кои се на возраст меѓу 18 и 30 години или 27,7% и возрасната група од 41 до 50 години со вкупно 21,5%. Нешто повеќе од една третина од вкупниот број на испитаниците 36,9% подобриот иден живот го поврзуваат со економските причини, но не е за занемарување и бројот на оние испитаници кои се сомневаат дека ќе имаат подобра иднина, а истовремено се изјасниле дека економските причини се основа за земање на истото.

Возраст	Економски причини	Политички причини	Социјални причини
18-30	18	1	3
31-40	19	5	0
41-50	14	0	0
+50	3	1	0


Табела 5.Причини за бугарско државјанство

На следното прашање, околу 35% од испитаниците одговориле потврдно дека ја познаваат бугарската историја. Вкупно 32% од испитаниците се двоумат околу тоа дали ја познаваат бугарската историја или не. 28,1% биле категорични и одговориле дека не ја познаваат бугарската историја.



Графикон 5,Дали ја познавате бугарската историја?

На прашањето: Дали знаете да читате и пишувате на бугарски јазик 40,3% од испитаниците одговориле потврдно. Негативно одговориле 25,4% од испитаниците а околу 30% од испитаниците одговориле дека “можеби” знаат да пишуваат и читаат на бугарски јазик.



Графикон 6.Дали знаете да читате и пишувате на бугарски јазик?


За тоа дали испитаниците би прифатиле служење на воен рок во Р Бугарија и статус во нивниот резервен воен состав, 33,8% се изјасниле дека нема да служат воен рок и по цена да го вратат бугарското државјанство, но не е мал бројот и на оние кои можеби ќе служат воен рок во Р Бугарија (32,4%). Само 14,7% ќе служат воен рок доколку мораат и е задолжително.

Дали би прифатиле служење на воен рок во Р.Бугарија и статус во нивниот резервен воен состав?	Број на испитаници	Процент
Да, со задоволство	4	5,9%
Да, доколку морам и е задолжително	10	14,7%

Не, и по цена да го вратам државјанството	23	33,8%
Можеби	22	32,4%
Не знам	9	13,2%

Табела 6.Дали би прифатиле служење на воен рок во Р Бугарија и статус во нивниот резервен состав?

На прашањето во случај на конфликт дали ќе бидете лојален на Бугарија или на Македонија? 47,1% се изјасниле дека нема да се однесуваат како Бугари, 35,5% не знаат како ќе се однесуваат. Само 14,7% рекле дека ќе се однесуваат како Бугари.




Графикон 7.Во случај на конфликт дали ќе бидете лојален на Бугарија?

На прашањето дали имате малцински права во Република Македонија? 41,2% се изјасниле дека се двоумат околу тоа дали имаат или немаат малцински права, 19,1% немаат малцински права, а 16,2% дека имаат.

Дали имате малцински права во Република Македонија?	**Процент**
Да	16,2%
Не	19,1%
Можеби	23,5%
Не знам	41,2%

Табела 7.Дали имате малцински права во Република Македонија?

На прашањето пак, дали ги знаете своите права и обврски во случај кога имате двојно државјанство? Мнозинството се изјаснило потврдно (76,1%) а 23,9% негативно.




Графикон 8.Права и обврски во случај на двојно државјанство

За тоа кои бенефиции ги користат испитаниците со тоа што го имаат двојното државјанство, 58,83% ја избрале можноста за работа во странство, а 41,17% дека можат да патуваат во странство.

Бенефиции од двојното државјанство	**Број на испитаници**	**Процент**
Можност за патување	21	41,17%
Можност за работа во странство	30	58,83%


Табела 8.Бенефиции од двојното државјанство

Поделени се мислењата на испитаниците за тоа дали Бугарите во Република Македонија треба да се официјално малцинство и да ги има во преамбулата од Уставот на Република Македонија. Најголем број, 27,9% се изјасниле негативно.



Графикон 9.Дали Бугарите во Република Македонија треба да се официјално малцинство и да ги има во преамбулата во Уставот на Р Македонија?

Како државјанин во бугарско државјанство во Р Македонија 52,9% од испитаниците не очекуваат дополнителни бенефиции, а 47,1% очекуваат.




Графикон 10. Дали како државјанин со бугарско државјанство во Р Македонија очекувате дополнителни бенефиции?

На прашањето дали македонскиот и бугарскиот се еден ист народ 44,1% се изјасниле одречно, а 27.9% се двоумат. Позитивен одговор дале 14,7% а со “не знам” се изјасниле 13,2% од вкупниот број на испитаници.



Графикон 11.Дали македонскиот и бугарскиот се еден ист народ?

Според податоците од наредната табела можеме да заклучиме дека 46,9% од испитаниците сметаат дека личностите како Цар Самуил, Гоце Делчев и ВМРО не се дел од бугарската историја, 39,1% не се сигурни, а само 10,9% дека тие се дел од бугарската историја.




Графикон 12.Дали сметате дека личности како Цар Самуил, Гоце Делчев или ВМРО се дел од бугарската историја?

На прашањето дали Република Македонија и Република Бугарија треба заеднички да ги слават историските личности и празници? 41,2% од испитаниците се двоумат во врска со заедничката прослава, 27,9% не се согласуваат, а 25% се согласуваат.



Графикон 13.Дали Македонија и Бугарија треба заеднички да ги слават историските личности и празници?

Според тоа дали официјалната македонска политика кон Бугарија е коректна и добрососедска 57,4% одговориле потврдно на ова прашање, а 23,5% не знаат.



Графикон 13.Дали официјалната македонска политика кон Р Бугарија е коректна и добрососедска?

Глава 9- Проверка на хипотетската рамка

Се очекува да се потврди генералната хипотеза: Законот за Државјанство на Република Северна Македонија во голема мера е сличен со Законот за државјанство на Република Бугарија.

Се очекува да се потврди хипотеза А: Постојат големи сличности во стекнувањето на државјанство по потекло во Законот за Државјанство на Република Северна Македонија и Законот за Државјанство на Република Бугарија.

- Потребно е двата родителa да бидат државјани на државата;

- Различноста на половите е услов за склучување на брак и добивање државјанство;

- Возможно е и само еден родител да биде државјанин на државата за да се здобие детето со државјанство;

-Детето кое е најдено на територијата на одредена држава, ќе се здобие со државјанство;

-Законски е определено лицето со статус бегалец да добие државјанство со исполнување одредени услови;

-Законски е определено лицето кое живеело најмалку 3 години со државјанин на државата, да се здобие со државјанство по одредени услови.

Се очекува да се потврди хипотеза Б: Постојат големи сличности во престанувањето на држвјанството во Законот за државјанство на Република Северна Македонија и Законот за државјанство на Република Бугарија.

-Потребно е да има наполнето 18 години за да добие отпуст од државјанството;

-Потребно е двата родителa да побараат отпуст од државјанството за своето 18 годишно дете;

- Потребно е посвоителите да побараат отпуст;

-Потребно е посвоеникот да има наполнето 15 години;

Се очекува да се потврди хипотеза В:Постојат големи сличности во утврдувањето на државјанството во Законот за државјанство на Република Северна

Македонија и Законот за државјанство на Република Бугарија.

-Потребни се определени услови за утврдување на државјанството;

-Потребно е да се известат надлежните органи.

Се очекува да се потврди хипотеза Г:Постојат големи сличности во делот за државјанство на граѓаните од СФРЈ во Законот за Државјанство на Република Северна Македонија и Законот за Државјанство на Република Бугарија.

-Потребни се определени услови

-Потребно упатување до најблизок орган за утврдување на државјанството и под кои услови

Се очекува да се потврди хипотеза Д: Постојат големи сличности во тоа дали државјаните можат да имаат повеќе државјанства Законот за државјанство на Република Северна Македонија и Законот за државјанство на Република Бугарија.

-Потребно е да се разгледаат условите за да биде бипатрид;

-Потребно е разгледување на условите на одредена држава;

ЗАКЛУЧОК

Од претходно изложените содржини навистина за државјанството може да се зборува од најразлични правни аспекти. Државјанството во своето значење има правна природа, свој историски развој, своја специфичност а тоа значи дека секоја земја и држава ја има регулирано оваа правна област.

Во оваа докторска дисертација направивме обид од најразлични аспекти да ја разработиме тематиката за поимот и дефинирањето на државјанството, начините и постапката за стекнување на правото на државјаство на Република Северна Македонија, како е тоа регулирано со Законот за државјанство и со Уставот и слично.

Самата положба и можност за стекнување на право на туѓа територија односно држава, придонесува за развој на општеството. Поради потреба од циркулација на стоки и услуги и се поголема афирмација на човековите права и унификација на општо прифатените стандарди, дошло до приближување на правната способност на странците кон правата кои ги има домашниот државјанин.

Реалната состојба во светот и покрај целосниот цивилизациски напредок се уште не може да ги избрише разликите кои постојат во општествата во однос на правата на странците. По прашањето за државјанство, не постои јасно унифициран систем на стекнување и губење на правата во меѓународното право, туку секоја земја тоа го уредува во согласност со своите законски рамки со исклучок на одредени елементи согласно со еднаквите делови.

Во теоријата државјанството во главно се сфаќа како посебен правен однос или правна врска која постои помеѓу поединецот и државата. Во основа, државјанството претставува јавноправен однос со траен карактер помеѓу физичко лице и државата, од кој произлегуваат правата и должностите за тоа лице, без оглед дали се наоѓа на домашна или странска територија.

Според тоа, државјанин е физичко лице кое е правно врзано за одредена држава од што за него произлегуваат посебни права и должности. Гледано од страна на поединец, постоењето на однос државјанство, значи врзување на дотичното лице за конкретна држава на начин на кој формално и се признаваат сите права (политички, граѓански и

економско- социјални) во таа држава, но му се наметнуваат одредени должности при што, по правило, за остварување на правата и исполнување на должностите не е одлучувачко дали тоа лице се наоѓа на територијата на државата на која и припаѓа како државјанин или не.

Постојат три основни принципи за стекнување на државјанство, потекло, крвна врска, подрачје односно место на раѓање. Скоро да нема држава во светот во која важи само еден принцип, туку тие се комбинираат. Релевантен факт кој влијае на стекнување или престанување на државјанството може да биде и брачната заедница.

Во однос на издавањето на двојно државјанство, општ заклучок е дека политиката на Република.Бугарија за издавање на двојно државјанство на македонски граѓани е долгорочна политика, која има свој историски континуитет во рамките на политиките на бугарската држава кон РМакедонија. Оваа политика е дел од еден долг процес кој има свои зацртани цели и се спроведува со одредени механизми на државата, како што се Државната агенција на Бугарите во туѓина, Министерството за правда на Р.Бугарија и одредени приватни лица и агенции способни за посредување заради поедноставување и забразување на процедурата. Оваа политика е продложение на бугарската национална стратегија која функционирала до демократизацијата на бугарското општество, но е составен дел и од новата предлог-стратегија за создавање бугарски граѓани, која е веќе функционална во рамките на бугарската надворешна политика.

Важно е да се истакне дека политиката на издавање бугарски пасоши на македонски граѓани е потполно законска, вткаена во бугарското и во европското законодавство и претставува легален начин за стекнување двојно државјанство на сите оние кои се заинтересирани и кои ќе го препознаат своето "бугарско самочувствие."

Пречки од правна природа што можат да му застанат на патот на овој процес не постојат, освен сомневањата за корупција во издавањето на потврдите од Агенцијата за Бугарите во туѓина, така што тој ќе продолжи со намалување или со зголемување на својот капацитет, во зависност од економската ситуација на барателите и од достапноста на процедурата. Етичките и моралните пречки нема да влијаат на попречување на процесот, независно од истражувањата на одредени медиуми, шпекулациите околу промена на условите за добивање на државјанства или воведувањето на некои давачки и такси, кои се само во доменот на новинарски претпоставки и сензации.

Процесот за издавање на државјанства на македонски граѓани ќе продолжи заради неколку причини: достапноста и едноставноста на процедурата, блискоста на локацијата, блискоста на јазикот и менталитетот, можноста за пронаоѓање работа низ земјите на ЕУ, малиот ризик од последиците за барателите, лошиот стандард и невработеноста во Р Македонија, бесперспективноста за младите луѓе.

Исто така, понудата на економско-социјален план како државна стратегија на Република Македонија која би го релативизирала овој процес е со мал капацитет и не одговара на широкиот амбиент што го нуди пазарот на работна сила на Европската унија за носителите на ЕУ-пасош. Според податоците добиени во овој труд, таа битка во наредните години е однапред изгубена и тенденцијата на побарувачка на бугарски државјанства и пасоши ќе продолжи со мали осцилации.

Овој процес го стимулира и немањето на долгорочна државна стратегија, како:

природување на македонските граѓани кон други соседни држави, во случајов Република Бугарија. Изборот што го нуди матичната држава, Република Македонија, е неконкурентен со можностите што ги дава држава-членка на Европската унија и НАТО. Лоша порака е и немањето воопшто обид да се амортизира ова прашање, освен успехот на македонската надворешна политика со укинувањето на визите за македонските граѓани, кој во краток период го намали бројот на барателите, за да истиот во последните две години енормно се зголеми.

Заклучок е дека македонските граѓани, кои истовремено се и бугарски државјани не се откажале од македонското чувство на припадност, но имаат ново чувство на благодарност и лојалност кон новата држава Република Бугарија која им овозможува голем број бенефиции со своето државјанство, бенефиции кои им даваат можност за економски и социјален опстанок и развој. Исто така, за разлика од лицата што имаат само македонско државјанство, овие луѓе се ставени пред избор. Како барателите тие треба да се определат кој им нуди подобра иднина како носители на државјанство и што евентуално да изберат ако новата држава побара нешто од нив за возврат за бенефициите што им ги овозможува. Тука, одговорите на поставените прашања во анкетата кај мнозинството се прагматични, се чувствува одговорност и кон новата држава, дека мнозинството од нив чувствува одредена обврска кон Република Бугарија.

Бугарите според официјалните бројки ќе ја претставуваат третата по големина малцинска заедница во Република Македонија по Албанците и Турците, но и единствената која не е влезена во преамбулата на Уставот на Република Македонија. Од тие причини поткрепени со факти и бројки, Република Бугарија ќе има сериозна причина да ја блокира Р Македонија во нејзините евроинтеграции.

Со овој потег Р Бугарија ќе бара отстапка што ќе ја потврди нејзината историска теза дека Македонците полека се освестуваат во контекст на своите бугарски корени, иако математичката формула по која се доаѓа до новите бројки нема многу допирни точки со националното освестување. Тоа е заклучокот кој е носител на тезата дека со природување мотивирано од економско-социјален карактер во дадени корелации на ЕУ со земја-членка надвор од неа, врз принципите на меѓународните правила за државјанство, се креира вештачко малцинство, кое бара да биде признаено, и со тоа да ги потврди тезите кои стотици години наназад биле невозможни за докажување.

Користена литература

1. Бреоња, Б., Право на државјанство, Загреб 2015
2. Bulic, F., Sticanje I gubitak drzavjanstva u Srbiji u pogledu stranaca, Beograd, 2007
3. Varadi, T., Medjunarodno privatno pravo, Beograd 2012
4. Vodinelic, Uvog u gradjansko pravo, Beograd 2007
5. Feichenfeld, E., Encyclopedia at the social sciences
6. Борковиќ, И., Управно право, Народне новине, Загреб, 2002
7. Упоредни и историјски поглед на принципе стицања и престанка државјанства, МУП Србија, 2016
8. Закон за државјанство на РМ, Скопје, јануари 2017
9. Zlatkovic, J., Drzavljanstvo, nacionalni identitet I migracije, Revija za sociologiju, 2001
10. Research in International Law, Harvard Law School, American Journal of international Law
11. Convention of certain questions to the conflict of nationality law, Hague
12. Andrassy, J., Medjunarodno pravo, Skolska knjiga, Zagreb, 1990
13. Vienna convention on diplomatic relations, United Nations Treaty Series
14. http://www.mfa.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=127&Itemid=543&lang=mk
15. American citizenship: the quest for inclusion-Judith N. Shklar, Cambridge,Massachusets; London: Harvard University Press,2001
16. Вовед во римско право- со предговор, ревидирана биографија и речник со латински поими од Ернест Мецгер. Николас.Б.,Просветно дело.Скопје.2009
17. Citizenship in the western tradition- Peter Riesenberg,The University of North Carolina Press,1992
18. Communication citizenship and social policy: rethinking the linits of welfare state-Andrew Calabrese, New York: Rowman&Littlefield, 1999
19. Multicultural citizenship-Will Kumlicka, Oxford:Clarendon Press,1998
20. Жените,државјанството и разликата(Woman,Citizenship and Difference)- Nira Yuval-Davis and Pnina Werbner, преведено од Кристина Хаџи-Василева, New York, 1999

21. Збирка на прописи од областа на државјанството- д-р Фиданчо Стоев и Мирјана Лазарова-Трајковска, Скопје,1998
22. Rimsko privatno pravo, Deseto izdanje-d-r Dragomir Stojcevic, Beograd,1978
23. Megjunarodno privatno pravo III- d-r Mihailo Jezdic I d-r Milan Pak, Beograd,1971
24. Меѓународно приватно право,изменето и дополнето издание-Трајан Бендевски, Скопје,2005
25. Zakon o drzavljanstvu: sa Pravilnikom za izvrsenje zakona-Sluzbeni list FNRJ, Beograd, 1954
26. Куцуловска Р, Грнчаровски В, Сотироска В. – Право и државно уредување, Скопје 2021 год.
27. Компаративен преглед на законодавството во РМ и конвенцијата за правата на детето- Давидовски. Б., Бужаровска.Г., Калајџиев.Г.,Мицковиќ.Д.,2010
28. Jo Shov i Igor Štiks, Državljani i državljanstvo posle Jugoslavije, Clio, Beograd, 2012
29. Закон за државјанство- Службен весник на РСМ бр.67/92
30. Устав на РСМ, Службен весник на РСМ, бр.52/1991
31. Кривичен Законик, Службен весник на РСМ, бр.37/1996
32. Европска конценција за заштита на човековите права и основните слободи од 1950 година